ЕМИГРАЦИИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“

Јосипа Ризанкоска

Јасмина Трајкоска Наумоска

ноември 2020

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

314.151.3-054.72(497.7:100)"1991/2020"(047.31)

РИЗАНКОСКА, Јосипа
Емиграциите на генерацијата "Независна Македонија" [Електронски извор] / Јосипа Ризанкоска, Јасмина Трајкоска Наумоска. - Прилеп : Центар за делиберативна демократија Дијалог, 2020

Начин на пристапување (URL): https://cddd.org.mk/. - Текст во PDF формат, содржи 82 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 26.11.2020. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-66232-3-4

1. Трајкоска Наумоска, Јасмина [автор]
а) Македонска емиграција -- Иселување -- Свет -- 1991-2020 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 52564229

ЕМИГРАЦИИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА „НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА“

ДИЈАЛОГ Центар за делиберативна демократија, Прилеп

Ноември 2020

ISBN 978-608-66232-3-4

Уредничка
д-р Јосипа Ризанкоска

Авторки
д-р Јосипа Ризанкоска
доц. д-р Јасмина Трајкоска Наумоска

Соработнички
Николина Ризанкоска- Антеска
Александра Спасеска
Марија Конеска

Илустрации
Марија Конеска

Проектот „Испразнето гнездо“е поддржан од Цивика мобилитас.
Содржината на оваа студија е единствена одговорност на ДИЈАЛОГ – Центар за делиберативна демократија и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

СОДРЖИНА

Графикони, мапи, табели 2

Резиме 3

Вовед во истражувачкото прашање 4

Методологија 9

Профил на испитаниците 11

Причини за и последици од емигрирањето 24

Родот и миграциите 40

Граѓанска партиципативност и емигрирање 43

Планови за иднина 51

Заклучоци 53

Неопходни промени за спречување масовно иселување 63

Референци 70

Анекс I 72

ГРАФИКОНИ, МАПИ, ТАБЕЛИ

Графикон 1. Регион на живеење пред иселувањето	13
Графикон 2. Географска распространетост на испитаниците	13
Графикон 3. Начин на регулирање на престојот во државата на доселување	16
Графикон 4. Година на иселување	16
Графикон 5. Одлука за иселување	17
Графикон 6. Вид на заедница/домаќинство	17
Графикон 7. Моето потесно семејство живее во Македонија	18
Графикон 8. Род	18
Графикон 9. Возраст	19
Графикон 10. Образование	19
Графикон 11. Мајчин јазик	20
Графикон 12. Религија	21
Графикон 13. Работен однос	21
Графикон 14. Месечен нето приход во домаќинството пред иселувањето	22
Графикон 15. Годишен нето приход во домаќинството по иселувањето	22
Графикон 16.1. Три причини кои беа одлучувачки за Вашето иселување од Македонија	29
Графикон 16.2. Најчести десет комбинации на три наведени причини кои беа одлучувачки за иселувањето на испитаниците	29
Графикон 17.1. Три аспекти на живеењето кои беа пресудни за да се одлучите да се преселите токму во земјата во којашто живеете моментално	31
Графикон 17.2. Најчести десет комбинации на трите аспекти на живеењето пресудни за одлуката за преселба во земјата на моментално живеење.	31
Графикон 18.1. Трите главни позитивни навики стекнати со преселувањето во новата држава	32
Графикон 18.2. Десет најчести комбинации на трите главни позитивни навики стекнати со преселувањето во новата држава	33
Графикон 19. Колку сте задоволни од следниве аспекти на животот во новата држава	34
Графикон 20.1. Имате чувство дека (Вие и/или член на Вашето семејство) сте добредојдени во државата во која живеете најмногу поради (можни три одговори).	35
Графикон 20.2. Најчести десет комбинации за чувството дека (Вие и/или член на Вашето семејство) сте добредојдени во државата во која живеете најмногу поради (можни три одговори)	36
Графикон 21.1. Две работи кои ги сметате како најголема жртва на сметка на тоа што сте го добиле со преселувањето	37
Графикон 21.2 Најчести десет комбинации на две работи кои ги сметате како најголема жртва на сметка на тоа што сте го добиле со преселувањето	38

Графикон 22. Степен на познавање на јазикот на државата на доселување	39
Графикон 23. Вашите пријатели и контакти во новата држава се најчесто (државјани)	39
Графикон 24. Преселувањето во нова држава со себе носи контакти со локалното население и доселеници од други етницитети и националности. Во кој правец се промени вашето лично национално чувство/идентитет со преселувањето? (едно)	40
Графикон 25. Дали преселбата ги подобри можностите за кариерен развој на жените?	43
Графикон 26. Дали со Вашата преселба во странство на своја кожа почувствувавте подобрување на Вашата рамноправност по родова основа? (ЖЕНИ)	43
Графикон 27. На кој начин вообичаено учествувавте во решавање на локални проблеми пред Вашето иселување? (одберете најмногу ДВЕ опции)	48
Графикон 28. Пред да донесете одлука за иселување сте учествувале во активности (на локално и/или централно ниво) како што се: (можни се повеќе одговори)	48
Графикон 29. Пред Вашето иселување активно сте учествувале во (можни се повеќе одговори)	49
Графикон 30. Граѓанско поведение пред институциите пред иселувањето	50
Графикон 31. Вие би гласале на изборите во Македонија	51
Графикон 32. Годишен финансиски/материјален влог во Македонија	53
Графикон 33. Идни планови за инвестирање во Македонија	54
Графикон 34. Планови за враќање во Македонија	54
Графикон 35. ЕУ како мотивација за враќање во Македонија	55
Графикон 36. Познавам некој/а кој/а е во подготовка или планира да се отсели од Македонија	55

Мапа 1. Држава на моментално живеење	14
Мапа 2. Испитаници кои живеат во Европа	14

Табела 1. Вкрстени податоци за годишни приходи во домаќинството пред и по иселувањето (во евра)	23
Табела 2. База на податоци – прашања	72

РЕЗИМЕ

Масовното иселување од Северна Македонија и т.н. феномен „одлив на мозоци“ во последните една до две децении станаа препознатлив белег на земјата. Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората за периодот 2019-2023 година, прв ваков официјален документ, има цел создавање правни, институционални и други претпоставки за развој на одржлива и сеопфатна рамка за соработка на државните институции и на дијаспората, унапредување на нејзината положба во земјите на престој и олеснување на продуктивните повратни механизми. Во моментов, и покрај недостатокот на официјални статистики, македонската дијаспора се проценува на над 700.000 лица.

Германија, Австрија, Швајцарија, Шведска, Обединетото Кралство, Белгија, Словенија, САД, Австралија, се само неколку од многуте дестинации во кои емигрира македонската млада, високо-образована, работно-способна и сè повеќе женска популација.

Ова истражување се базира на емпириски податоци собрани по пат на онлајн анкета со 915 македонски иселеници во 43 држави, (99% од кои) иселени во последните три декади „Независна Македонија“. Примерокот е намерен, со тоа што испитаници може да бидат било кои иселеници од Македонија, без оглед на род, возраст, етничка припадност и без оглед на годината на иселување. Испитаниците може да бидат членови на исто семејство доколку истите формираат различни домаќинства (или живеат самостојно) по емигрирањето. Така, 915 не претставува само број на иселеници, туку истовремено и број на домаќинства опфатени со студијата, иако ставовите изразени во анкетата се индивидуални, и не ги претставуваат ставовите на останатите членови на домаќинството.

Главното истражувачко прашање се бави со причините за емигрирање на македонските иселеници, условите за подобрување на животниот стандард и стил во новата држава на престој, предизвиците/жртвите направени на сметка на придобивките и научените лекции. Специфичното истражувачко прашање е: *во кој степен иселениците биле вклучени во процесите на креирање политики на локално и национално ниво пред заминувањето? Колкаво ниво на доверба во институциите, нивно познавање и комуникација со истите постоело пред граѓаните да се одлучат за заминување*?

Наспроти општо прифатеното мислење дека македонските граѓани се иселуваат поради лошите економски услови, ние аргументираме дека првата причина за масовното иселување во последните 15-20 години е всушност неповолната политичка ситуација, која директно ги условува лошите економски услови со декади наназад. Иако политичките причини натежнуваат при донесувањето на конечната одлука за заминување, социо-економските можности ја дефинираат дестинацијата. Тие се најважниот аспект при изборот на новото место на живеење, по што следува понудата на поширок дијапазон на можности за кариерен развој во новата средина, како и познавањето на новиот јазик. Стекнатите навики за грижа за сопственото здравје преку спорт и рекреација во природа е најголемата придобивка за повеќе од половина од иселениците; тие се генерално задоволни од својот живот по преселувањето, но семејството и културата во Македонија ги сметаат за најголема жртва. Македонските иселеници не учествувале во процесите на креирање политики пред иселувањето поради недовербата или непознавањето на институциите, а не покажуваат ниту висок степен на волја за учество во моменталните политичко-економски процеси во Македонија.

Студијата завршува со препораки (неопходни чекори) во насока на справување со масовноста на македонската емиграција на т.н. генерација „Независна Македонија“.

ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЧКОТО ПРАШАЊЕ

Скоро дваесет години Република Северна Македонија [1] не поседува официјална статистика за населението, а ваквото непостоење на демографски информации, како резултат на неуспешниот попис од 2011 година (Станковиќ 2011; ДВ 2020), остави простор за шпекулации со бројките за луѓето кои живеат во државата. Тоа пак, има директни импликации врз креирањето на политиките во земјата. Според Државниот завод за статистика (2020), во периодот од 2005 до 2019 година, од државата се отселиле вкупно 11 273 граѓани и трендот се движи во надолна линија. Сепак, од различни споредни податоци гледаме дека тоа воопшто не соодветствува на реалноста, напротив, во последните декади постои тренд на масовно иселување на македонското население, најчесто во западните развиени земји. Иако бројот на граѓани кои привремено престојуваат во странство поради образование, привремена работа, доквалификација, и сл. не е вклучен во овие официјални податоци за иселени лица, бројката е многу поголема.

Освен немањето статистички податоци (попис на население) од 2001 година, дополнителна причина за тоа што ваквите иселувања остануваат нерегистрирани е и тоа што граѓаните не се пријавуваат во Министерството за внатрешни работи во Македонија, ниту во нејзините дипломатско конзуларни претставништва во државата на доселување. Според Светска Банка, над 500 000 граѓани ја напуштиле државава од 50-тите години до 2013 година, а извештајот за миграции на Обединетите Нации укажува на 534 720 Македонци живеат во странство (Филипоски 2020). Евростат пресметува дека над 100 000 Македонци станале европски државјани по пасош, но според Џуда (2020) постојат бројни проблеми во однос на пресметките, меѓу кои и бројното македонско население кое се иселува со помош на бугарски пасош и не фигурира во европските статистички бази на податоци. Конечно, според грубата пресметка во Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората за периодот 2019-2023, денес има повеќе од 700 000 македонски граѓани во странство, а стапката на емиграција е повисока од 30%. (Влада на РСМ, 2019)

Според Државен завод за статистика во споредба со 1994 (од кога има објавени податоци), па до 2018, наталитетот се намалува. Во 1994 се родиле 31 421 а во 2018 година 21 333. За разлика на тоа, морталитетот се зголемува, со 15 649 мртви во 1994-та, наспроти 19 727 во 2018 година. Податоците за запишани ученици во основно и средно училиште се еден дополнителен релевантен индикатор. Во учебната 2009/2010

[1]Во оваа студија ќе биде употребувано името Македонија за официјалното име Република Северна Македонија. Ова не треба да се сфати како протест туку знак на почит кон испитаниците-иселениците кои низ своите слободни коментари јасно се изјасниле дека не биле согласни на ваквата промена на името на државата.

година, во основните училишта се запишани вкупно 208 908 ученици, а во учебната 2018/2019 година, запишани се 188 102 ученици. Дополнително, во средните училишта во учебната 2009/2010 година се запишани 94 284 ученици наспроти 71 650 ученици запишани во учебната 2018/2019 година. И во обата случаи разликата е над 20 000 ученици. Ова покажува дека постепено населението во државава старее. Иако ова е генерален европски тренд, една од главните причини за ваквиот феномен кај нас е масовното иселување.

Индиректен индикатор за масовното иселување е и „Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020“ (МОН 2013), која преку своите цели го потврдува постоењето на феноменот на масовно иселување и т.н. „одлив на мозоци“ (brain drain). Во стратегијата се наведува дека постои сè поголема интелектуална миграција, дури 29% од високообразованите лица живеат надвор, а 85% од младите во завршни студиски години се изјасниле дека својата иднина ја гледаат вон границите на државата. Во стратегијата исто така се наведува дека бројот на граѓани што престојуваат во некоја странска земја до 2010 година се проценува на над 447 000 граѓани (или 22 % од вкупното население). Ниски плати, економска нестабилност и неизвесност, ограничени можности за напредок во кариерата, политички притисок, и недостаток од финансиски средства и можности за започнување на свој бизнис се причини за ваквиот интелектуален одлив детектирани во подготовката на оваа стратегија.

Резолуцијата за миграциската политика за периодот 2015-2020 година, донесена во 2015 година од страна на Собранието на Република Македонија (2015) го идентификуваше проблемот со „одливот на мозоци“ фокусиран на емиграцијата на медицинскиот и инженерскиот кадар, што (иако некомплетно) обработува една особено важна емиграциската интелектуална група. Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората за периодот 2019-2023 година е прв официјален документ во кој се утврдуваат предизвиците и насоките на делување во однос на најзначајните аспекти од интерес на дијаспората и на државата. Оваа стратегија има општа цел „создавање правни, институционални и други претпоставки за развој на одржлива и сеопфатна рамка за соработка на државните институции и на дијаспората, базирана на доверба, заеднички иницијативи и заемен бенефит, а која се однесува на унапредување на нејзината положба во земјите на престој и олеснување на продуктивните повратни опции од дијаспората.“ (Влада на РСМ 2019)

Повеќе истражувања на некаков начин го адресирале проблемот со масовното иселување (особено со акцент на младите) со цел да ги дознаат причините за ваквата емиграција. Ваквите истражувања најчесто се базирале на анализа на постоечки документи (стратегии и регулативи), секундарни податоци и емпириски истражувања врз граѓани кои сè уште живеат во Македонија. Недостигаат емпириски податоци кои доаѓаат од иселениците. Затоа ова истражување нуди преглед во причините за иселување, искуствата како имигранти, плановите за иднина и родовиот аспект на иселувањето. Сепак, посебното истражувачко прашање на оваа студија е поврзано со степенот на граѓанска партиципативност на иселениците (пред и по иселувањето). Целта е да се навлезе подлабоко во степенот на ангажман во креирањето политики на локално и национално ниво, доверба во институциите и информираност за нивната работа пред одлучувањето за иселување.

Методот користен во оваа студија е емпириска анализа на анкета со 915 македонски иселеници од сите етнички заедници и поранешни жители на сите плански региони во Македонија. Студијата продолжува со елаборација на методологијата, потоа дава детална слика на профилот на испитаниците (демографски и социо-економски), на причините за и последиците од емигрирањето, родот и емигрирањето, граѓанската партиципативност и масовните миграции, плановите за иднината на испитаниците и на крај нуди заклучоци и препораки.

Ние тврдиме дека, наспроти општо прифатеното мислење дека македонските граѓани се отселуваат поради лошите економски услови, првата причина за масовното иселување во последните 15-20 години е всушност неповолната политичка ситуација, која директно ги условува лошите економски услови со декади наназад.

Со истражувањето, меѓу другото, се дознава дека по иселувањето испитаничките почувствувале висок степен на подобрување на квалитетот на својот животен стил и нивните шанси за родова еднаквост во повеќе сфери на живеењето и кариерен развој. Иселениците не биле особено активни во процесите на креирање локални и национални политики пред иселувањето, генерално поради високиот степен на недоверба во (па и непознавање на) институциите. Истражувањето, најважно од сè, укажува на високиот степен на граѓани кои воопшто не планираат да се вратат во Македонија (дури и во случај на нејзино интегрирање во ЕУ) и уште повисокиот степен на граѓани кои допрва планираат да ја напуштат поради (повторно) политичко-економската ситуација во земјата.

МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа студија се заснова на емпириски податоци од анкета со 915 македонски иселеници во светот. Анкетата беше спроведена онлајн во септември 2020 година. Првичниот пристап на собирање на податоците беше преку намерни-директни контакти на проектниот тим (со цел да ја контролира веродостојноста на одговорите), на што следеше анкетирање по методот на снежна топка, испитаниците сами предлагаа и/или ја споделуваа анкетата со нивни познаници-иселеници. Истражувањето, дури по постигнувањето на половина од вкупниот број на испитаници дополнително беше споделена по иселенички групи и беше рекламирана (преку платена реклама со опцијата „поттик“) на Фејсбук. При поделба на примерокот на оние кои (условно речено) сме ги контролирале и оние кои ја одговориле анкетата како резултат на нејзино споделување на Фејсбук мрежи и страни, не се забележани значителни отстапки во одговорите. Со тоа, заклучуваме дека зголемувањето на примерокот на таков начин само ја зајакнува неговата непристрасност.

Испитаници може да бидат било кои иселеници од Македонија, без оглед на род, возраст, етничка припадност и без оглед на годината на иселување. Под иселеник во оваа студија подразбираме лице родено во Македонија, кое има моментален статус на резидент во странска држава, а може да е сè уште државјанин на Македонија или да се откажало од македонското државјанство за да го земе тоа на новата држава. Во испитувањето не се земени предвид втора ганерација на иселеници (лица родени во странска држава на еден или двајца родители Македонци). Испитаниците може да бидат членови на исто семејство доколку истите формираат различни домаќинства (или живеат независно) по емигрирањето.

Тоа значи дека бројот од 915 не претставува само број на иселеници, туку истовремено претставува и број на домаќинства. Сепак, ставовите изразени во анкетата се индивидуални, и не ги претставуваат ставовите на останатите членови на домаќинството.

Прашалникот (чиј целосен приказ е вклучен во Анекс 1) е поделен на четири главни дела: демографски податоци, прашања за животот пред иселувањето (вклучително прашања за граѓанската партиципација на испитаниците), прашања за животот по иселувањето и прашања од родов карактер. Прашањата беа од затворен карактер, а само прашањето П20. (Со свои зборови објаснете зошто се одлучивте да ја напуштите земјата во која сте се родиле?) е од отворен карактер, но нема да биде предмет на детална анализа во оваа студија.

ПРОФИЛ
НА ИСПИТАНИЦИТЕ

Прашалникот беше одговорен од 915 иселеници од Македонија. Најголем дел од испитаниците пред иселувањето живееле во Скопски регион (36%), 23% во Пелагониски регион, 19% во Полошки, Југозападен и Североисточен и 20% во Вардарски, Источен и Југоисточен плански регион.

Графикон 1 и 2, и мапа 1 покажуваат дека испитаниците од примерокот во голема мера (56%) се доселеници во западно-европските развиени, а потоа во медитеранските држави (9.3%), Северна Америка (9%), Источна Европа (8.9%), па Скандинавија (8.3%). Од мапа 2 се гледа и подетално распространетоста на испитаниците на европско ниво.

Графикон 1. Регион на живеење пред иселувањетоQ

Графикон 2. Географска распространетост на испитаниците

Мапа 1. Држава на моментално живеење



Мапа 2. Испитаници кои живеат во Европа



Убедливо најголем број испитаници кои моментално живеат во Европа доаѓаат од Германија (37%), а потоа се Обединетото Кралство, Австрија, Словенија, Шведска и Швајцарија. Земји во кои има исто така поголем број иселеници се Норвешка, Франција и Холандија.

Во извештајот „Миграции“ на Државниот завод за статистика за 2017 (ДЗС 2018) како држави во кои најчесто се селат македонските граѓани се наведени Германија, САД и Швајцарија. Нашиот примерок во голема мера ја отсликува реалната состојба со распространетоста на македонската дијаспора (привремени или постојани иселеници) и покрај недостатокот на точна емпирија. Така на пример, според Николоски (2013, стр. 63) најбројна е македонската дијаспора во САД, Канада, Австралија и Нов Зеланд од прекуокеанските земји, Германија, Белгија, Швајцарија, Италија, Шведска, Австрија, Данска, Холандија и Норвешка од Европа. Иако Џуда (2020) предупредува на невозможноста да се знае точниот број, и дека во последно време се намалува трендот на иселување во Италија за сметка на Германија.

Оваа слика на нашиот примерок во голем дел се преклопува и со дваесетте први земји кои примаат најголем процент на имигранти во светот за 2000 и 2017 година. Имено, според Меѓународниот миграциски извештај за 2017 година (UN 2017), САД, Русија, Германија, Франција, Канада, Обединетото Кралство, Австралија, Обединетите Арапски Емирати, Италија, Шпанија и Турција се помеѓу дваесетте земји домаќини на најголем број имигранти. Земјите со висок приход како овие ги примаат 58% и 64% од сите мигранти во светот за 2000 и 2017 (следствено).[2]

Најголем дел од испитаниците (Графикон 3) одговориле дека нивниот престој во државата во која моментално живеат е регулиран со работна виза/дозвола за престој (30%), потоа со второ државјанство на друга европска држава (18.4%), па државјанство на државата во која живеат (15%). Само 1% од испитаниците се азиланти/бегалци или престојуваат под Шенген регулативата за престој од вкупно 180 дена во годината со македонски пасош.

[2] Во самата Европа има движење на 41 милиони мигранти, од Европа во Северна Америка - 8 милиони, а од Европа во Азија - 7 милиони мигранти. 74% од мигрантите на светско ниво се на работна возраст. (UN, 2017)

Графикон 3. Начин на регулирање на престојот во државата на доселување

Според годината на иселување (Графикон 4) истражувањето го опфаќа периодот од 1973 до 2020 година. Сепак, од вкупниот број испитаници помалку од 1% се иселиле пред осамостојувањето на Македонија (во 1991 година), а се забележува особен пораст на иселеници во последната декада. Тоа што кривата за 2020 година е во пад е директно поврзано со Ковид-19 рестрикциите за патување од Македонија. Затоа, оваа генерација иселеници за која зборуваме тука ја нарековме генерација „Независна Македонија“.

Графикон 4. Година на иселување

Дури 62% од испитаниците изјавиле дека нивната одлука за иселување од Македонија била однапред планирана, додека 19% дошле на привремен престој, па останале. Скоро 6% сè уште не одлучиле дали ќе останат. Тука веројатно во голема мера влегуваат студентите. (Графикон 5). Дури 45% од испитаниците се дел од семејство со деца, 28% живеат со партнер/ка (сопруг/а), а 18% живеат сами (Графикон 6).

Графикон 5. Одлука за иселување

Графикон 6. Вид на заедница/домаќинство

Околу 30% изјавиле дека нивното потесно семејство (партнер/ка и/или деца) живеат во Македонија или нешто друго. Ова можеби беше почеста појава во минатото (особено пред визната либерализација), додека денес семејствата имаат поголеми шанси за заедничко емигрирање. (Графикон 7)

Графикон 7. Моето потесно семејство живее во Македонија.

Сепак, овој процент покажува дека сè уште во еден значаен дел од семејствата постои т.н. „печалбарски“ вид на емиграција, каде најчесто мажот живее и работи во странство и финансиски ја одржува фамилијата во Македонија.

Во однос на демографските карактеристики не би можело да се овозможи балансиран примерок на испитаниците во сите категории поради самата социо-економска специфика на иселениците. Наместо тоа, самите демографски податоци (на еден вака широк примерок) може да се читаат и како карактеристики на емигрантската група како целина.

Од 915 испитаници - иселеници 41.75% се мажи, 58.03% се жени, а 0.22 % се друго (Графикон 8).

Графикон 8. Род



Испитаниците се на возраст од 18 до 68 години (Графикон 9). Средна возраст е 34 години, а стандардна девијација е 7.7 години. Концентрацијата лежи во доцни триесетти и четириесеттите години (од 26 до 42 години), што во голема мера соодветствува со податоците од стратегијата за соработка со дијаспората (Влада на РСМ 2019).

Графикон 9. Возраст



Највисок процент од испитаниците имаат универзитетско образование (41.2%), а потоа средно образование (27.4%). Магистри или доктори на науки се 23.2% од испитаниците, а остатокот се со висока стручна спрема (7.8%), или до основно и основно образование (0.4%) (Графикон 10).

Графикон 10. Образование

Оваа карактеристика на „дијаспората“ е исто така адресирана кај Николоски (2013, стр. 64) кој објаснува дека порано во прекуокеанските земји македонските имигранти биле „претежно од селско потекло, во потешка економска состојба, со понизок степен на образование и со ниски стручни квалификации, за разлика од денешните доселеници кои претежно се со високо образование и се стручно оспособени.“

Тоа тој го објаснува преку егзистенцијалната главна цел на иселување во минатото. Последните неколку генерации иселеници, сепак се „лица со високо образование и со повисоко културно и социјално ниво, што условува нов структурален степен во македонското иселеништво. Така, меѓу нив има интелектуалци од различни области, афирмирани, не само во македонски, туку и во светски рамки.“ (Николоски 2013, стр. 64).

Националната стратегија на Р.С.Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 ги потенцира проблемот на државата со „научната дијаспора“, продуцирана поради хиперпродукција на високообразовани кадри и алармот на „brain drain” индикаторот на Светскиот економски форум, според кој, во периодот 2009, 2010 и 2011 година Македонија е помеѓу десетте земји со најголем одлив на мозоци, а до 2015-та помеѓу петнаесетте први земји со ниска способност за задржување на таленти и способност за привлекување на таленти.

Графикон 11. Мајчин јазик

На 92% македонскиот им е мајчин јазик, на 7% албанскиот а во останатиот 1% се турскиот, влашкиот, ромскиот, српскиот и други јазици (Графикон 11). Прашањето за мајчиниот јазик е прокси-променлива за етничката припадност, која ова истражување не ја анализира посебно. Сепак, во интерпретацијата на конечните резултати потребно е да се има предвид дека мислењата на Албанците иселени од Македонија може и да не бидат во целост идентични со генералните заклучоци во оваа анализа затоа што динамиката на социјализацијата на етничките Албанци е донекаде посебна (Николоски 2013).

Најголем дел од испитаниците се изјасниле како православни христијани (77,9%), муслимани се 8,1%, атеисти се 6,2%, агностици 3,9%. (Графикон 12).

Графикон 12. Религија

Пред иселувањето 51,1% од испитаниците биле во полн работен однос, а по иселувањето се забележува пораст од 20%, или 72,9% се вработени со целосно работно време (Графикон 13). Додека кај категориите вработен со скратено работно време и самовработените нема значајна промена (од 4,2% на 5,5%, од 5,5% останува 5,5% следствено), бројот на невработени се намалува од 21,1% на 4,9%. и студентите исто така се намалуваат од 16,5% на 9,1%.

Графикон 13. Работен однос

Пред иселувањето, македонските граѓани во најголем процент имале нето месечни примања од 9.001 до 18.000 денари (27%), и од 18.001 до 36.000 денари (26%). Само 9% имале месечни примања во домаќинството повисоки од 60.001 денари (приближно 1.000 евра), а 10% не сакаа да се изјаснат по однос на ова прашање (Графикон 14).

Графикон 14. Месечен нето приход во домаќинството пред иселувањето

Графикон 15. Годишен нето приход во домаќинството по иселувањето

По иселувањето годишните нето примања во домаќинствата се апсолутно подобрени, но повторно, концентрацијата е во подолните категории (21% до 20.000 евра, и 17% до 30.000 евра) (Графикон 15). Сепак, во највисоката категорија од над 50.001 евра нето годишен приход има 18% од испитаниците, што укажува на тоа дека по иселувањето (иако нелинеарно) постои значителен пораст на добивките.

Постои мала позитивна корелација (Парсонс 0,25 коефициент) помеѓу категориите на променливите примања во домаќинството пред и по иселувањето.

Од вкрстената Табела 1 може да забележиме дека иселениците кои имале помали примања во домаќинството пред иселување, останууваат и понатаму во групите на помали примања, за разлика од тие испитаници кои имале повисоки примања претходно.

На пример, во најниската категорија на домаќинства со годишни примања до 1.765 евра, највисоката концентрација на примања по иселувањето е во втората категорија од 20.000 евра годишно (30%). Во втората категорија (примања до 3.529 евра годишно) двете највисоки категории се во втората и третата категорија на променливата „приход по иселување“ (20.000 и 30.000 евра годишно). Веќе во четвртата категорија на примања пред иселувањето (до 11.765 евра годишно), концентрацијата по иселување е во повисоките категории (23% во категорија до 40.000 и исто толку во категорија над 50.001 евра годишно). На крај, кај највисоката категорија (над 11.765 евра) пред иселување имаме убедливо најголема концентрација (од 52%) во највисоката категорија (над 50.001 евра) по иселувањето.

Табела 1. Вкрстени податоци за годишни приходи во домаќинството пред и по иселувањето (во евра).

Вркстена табела на годишни приходи во домаќинството пред и по иселување (во евра)

	по иселување						
пред иселување	До 10 000	До 20 000	До 30 000	До 40 000	До 50 000	Над 50 001	Вкупно
До 1765	9.17	30.28	15.6	13.76	13.76	17.43	100
До 3529	11.21	31.84	24.22	13	8.97	10.76	100
До 7059	12.5	21.88	21.43	13.84	11.16	19.2	100
До 11765	8.7	15.94	15.94	23.19	13.04	23.19	100
Над 11766	4	6.67	6.67	13.33	17.33	52	100
Вкупно	10.14	23.41	18.99	15.21	11.83	20.42	100

Еден исклучок од ова би бил на пример, вкрстувањето на категориите на приход по иселувањето на првата категорија до 1.765 евра и сите категории приход по иселувањето, каде забележуваме најголема корелација со втората категорија, за веднаш потоа да постои позитивна корелација со највисоката категорија на приход по иселување - над 50.001 евра годишен приход. Сепак, може да забележиме дека многу мал процент од иселениците се наоѓаат во најниската категорија (до 10.000 евра годишно), којашто кореспондира на скоро највисоката категорија на примања во Македонија. Оттука, повторно забележуваме финансиско подобрување на испитаниците во апсолутни мерки.

Генерално, финансиската положба на иселениците/домаќинствата се подобрува по иселувањето. Тоа е поткрепено и од претходниот податок за работниот статус на испитаниците, каде забележавме зголемен процент на вработени и намален процент на невработени по иселувањето. И тука, еден фактор кој може да ја објасни оваа позитивна тенденција на поголемо финансиско подобрување на веќе побогатите е фактот што повеќето од иселениците се со високо образование и веќе биле во работен однос пред иселувањето. Сепак, тука не нудиме анализа на соодносот на платите со нивната куповна моќ во државава и во странство, со што немаме одговор за степенот на подобрување на стандардот на иселениците.

ПРИЧИНИ ЗА И ПОСЛЕДИЦИ ОД ЕМИГРИРАЊЕТО

Постојат плејада на мотиви за мигрирање кај луѓето - економски, социјални, културолошки, здравствени, политички и сл. И Македонците (пред и по самостојноста на Македонија) мигрирале поради разни причини, од социо-економски до политички (како војни и прогон). Она што оваа студија ќе истражува, сепак, се современите причини за емигрирање на генерацијата која се иселува од самостојна Македонија.

Националниот демократски институт (НДИ 2020), во април 2020 година, објавува анализа на анкета во која 7,4% од испитаниците го навеле иселувањето како трета по ред причина која довела до промена на животот на граѓаните во Македонија на полошо (веднаш по лошата економија и судството/(не)владеењето на правото). Ваквата логика може да се интерпретира преку демографската криза, што има свои импликации на економијата на долг рок и на многу други политики во земјата. Сепак, каузалната врска може лесно да оди и во обратен правец, т.е. лошата насока во која се движи земјата да е логичен директен фактор за иселување. Дополнително, извештајот укажува на тоа дека 42% од испитаниците од анкетата имале член од семејството кој емигрирал или планирал да емигрира, а 9% немаат емигранти во семејството, но имаат некој кој планира да емигрира. Значаен дел од младите планирале да заминат во некоја од европските земји, а помал дел активно барале работа во државата. Она што би ги задржало во Македонија, рекле испитаниците, се соодветна плата, можности за вработување по струка, подобрување на квалитетот на образованието и вработување без непотизам/партиска книшка.

Во истражувањето на НВО Инфоцентар во 2016 година, во слична насока, дури 83,7% од испитаниците/млади изјавиле дека би се иселиле од државата, од кои 52,4% би се иселиле во некоја од заподноевропските држави, 12% во САД и Канада, а 10,3% во некоја од скандинавските држави. Невработеноста (за 34,3%), општествената ситуација/партиски вработувања и политика (за 33,5%), и финансиската стабилност (за 17%) се главните три причини за ваквите намери. Во истражувањето на Докмановиќ (2017), кое ги обработува академските работници и истражувачи од областа на општествените науки, 70% од испитаниците изјавиле дека би се отселиле доколку би имале можност, (најчесто во Европа или Северна Америка). Испитаниците во оваа студија сметаат дека две најголеми причини за иселување од Македонија се малиот број на можности дома и подобар животен стил во странство, а тие лично би ја напуштиле земјата најмногу поради тоа што имаат чувство дека ништо не се менува во државата, и повторно поради повеќе можности и подобар животен стил.

Во истражувањето на Топузовска Латковиќ и др. (2013) се наведува дека младите, дури половина од испитаниците-млади, или вкупно 53%, би заминале надвор од Македонија (повторно во земјите од Западна Европа, САД и/или Канада). За 65% од младите, како главен мотив за напуштање на матичната земја наведена е финансиската причина и само младите од полошкиот регион навеле дека би заминале од безбедносни причини. Во истражувањето за 2018/19 (Топузовска Латковиќ и др. 2019), една третина од младите изразиле силна желба да ја напуштат матичната земја, а една третина изразиле средна желба за мигрирање. Конкретно, младинската невработеност и лошиот квалитет на формалното образование се причини за емиграција кај младите според анализата на Зинзирова и Ванчов (2017). Адресирајќи го проблемот со македонската демографската криза, како клучен елемент во равенката „да се остане или да се замине“, Зафиров и Спасов (2018) исто така ги потенцираат влијанието на младинската сиромаштија, невработеноста и ниските плати, а Блажеска (2018) лошиот квалитет на живот, лошо образование и ниски плати.

И последната анализа на Мрежата за спречување одлив на мозоци (Карадафова и Андреевски, 2020) ги потврдува овие трендови. Така, 61% од младите кои сè уште живеат во Македонија би се иселиле, а освен економијата, тие како причини ги навеле политичката ситуација во државата, животната средина, здравството, кариерниот развој и човековите права. Од оние кои веќе се иселени, причините се кариерен развој, потреба за промена, политичката ситуација во државата, здравство и урбано планирање и развој. Овој извештај дополнително оценува дека само 11% од Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020 (која никогаш не беше усвоена) е реализирана, со тоа што од четирите стратешки цели во најголем степен (16%) е исполнета четвртата цел - зголемување на интелектуалната размена со странство преку поттикнување на соработката со образованите поединци по потекло од РМ кои живеат и работат во странство со македонски научно-истражувачки институции и развојни компании (ибид).

Од овој краток осврт на скорешната литература и истражувања кои се баваат со проблематиката миграции ја поставуваме и главната истражувачка хипотеза. Очигледно, македонските граѓани, посебно младите, ја напуштаат државата во потрага по економски просперитет и поширока плејада на можности за кариерен развој во економски напредните држави во Западна Европа, САД, Канада и сл. Сепак, нашата хипотеза е дека економскиот просперитет повеќе не е причина број еден за иселување.

Ние тврдиме дека неповолната политичка клима ѝ го зеде приматот на економијата. Партизација, непотизам, корупција, политичка нестабилност, невладеење на правото и недоверба во правосудството влијаат за масовното иселување на Македонците, особено на младите, или како што тука ја нарекуваме, генерацијата „Независна Македонија“.

Во продолжение ќе ги презентираме резултатите од прашања за причините за емигрирање на македонските иселеници. Од што побегнале? Што нашле?

КОИ ТРИ ПРИЧИНИ БЕА ОДЛУЧУВАЧКИ ЗА ВАШЕТО ИСЕЛУВАЊЕ?

Основното прашање поврзано со истражувањето на миграциите е „зошто?“. Кои се мотивите на индивидуите и/или семејствата да емигрираат? Социо-економските причини се првата асоцијација, на што се надоврзуваат прашања од лична безбедност и преживување (конфликт, војна и сл.). Како што веќе најавивме, појдовна хипотеза би било дека неразвиената економија ги мотивира граѓаните да ја напуштаат државата и да бараат подобри можности во развиените (најчесто западни) земји. Во последната декада непрекинато се зборува за одлив не само на „мозоци“, туку и на стручни дефицитарни кадри, особено помеѓу здравствената заедница од земјата.

Сепак, преку ова истражување ние ја побиваме таа хипотеза и заклучуваме дека на прашањето „Кои беа трите најголеми причини за Вашето иселување од Македонија?“, испитаниците, сепак, во најголем дел навеле друга причина - политиката. Така, од Графикон 16.1 можеме да забележиме дека речиси 70% од испитаниците како една од трите најважни причини ја навеле неповолната политичка клима во државата, што подразбира партизирано општество, непотизам, корупција, недоверба во изборните процеси, клиентелизам, загаден медиумски простор и сл.

На (незадолжителното) отворено прашање за причините за емигрирање граѓаните преку своите зборови повторно укажуваат најмногу на корупцијата, партизацијата и непотизмот (што носат нефер и неквалитетна распределба на кадри), недовербата во правосудството и како што многумина се изразиле „чувството на граѓани од втор ред“ поради ваквата политичка слика.

Графикон 16.1. Три причини кои беа одлучувачки за Вашето иселување од Македонија

Графикон 16.2. Најчести десет комбинации на три наведени причини кои беа одлучувачки за иселувањето на испитаниците.



Второ избраната причина е „лошите економски услови и животен стандард“, однесувајќи се на невработеност, неплатена работа и сл. Повторно, во слободниот дел од истражувањето граѓаните укажуваат на неплатените работни саати од страна на работодавците, ниските плати (или експлоатација на работникот), невложување во наобразба и надградба на вработените (обуки/тренинзи) и сл. Третата по ред причина е „немањето услови за кариерен развој“, што се однесува на неразвиеното/лошо образование, наука, и нискиот степен на истражувачка дејност и иновации.

Кога станува збор за најчестите комбинации на три причини, од Графикон 16.2 (сите можни одговори види ги во Анекс I, П1) забележуваме дека во првата комбинација (која ја избрале 9,3% од испитаниците) се лошите економски услови (3), недовербата во правосудството во земјата и неодговорноста на одлучувачите/властите (7) и неповолната политичка клима (8). Втората комбинација (избрана од 8,2%) е всушност комбинација на погоре-елаборираните три најчесто избрани причини (економските (3), политичките (7) и немањето услови за кариерен развој (4). Конечно на трето место е само економската променлива (за 4,4%).

КОИ ТРИ АСПЕКТИ НА ЖИВЕЕЊЕТО БЕА ПРЕСУДНИ ЗА ДА СЕ ОДЛУЧИТЕ ДА СЕ ПРЕСЕЛИТЕ ТОКМУ ВО ЗЕМЈАТА ВО КОЈАШТО ЖИВЕЕТЕ МОМЕНТАЛНО?

Водени од истата генерална хипотеза, за влијанието на социо-економските можности кои се нудат надвор од државата (а кои ги нема дома) врз одлуката за иселување, прашуваме „Кои три аспекти на живеењето беа пресудни за да се одлучите да се доселите токму во земјата во којашто живеете моментално?“ Овој пат очекуваната хипотеза се потврдува. Социо-економските можности, навистина, се најважниот аспект при изборот на новото место на живеење (за дури 68% од иселениците). Втор аспект е „поширокиот дијапазон на можности за кариерен развој што ја нуди новата средина (за 36%), а трето е јазикот (за 29%). Културата и климата се помеѓу последните аспекти кои биле одлучни за изборот на местото на доселување. (Графикон 17.1)

Иако тука немаме толку јасна концентрација на комбинации по однос на избраните аспекти кои ги мотивирале испитаниците да ја изберат токму државата во која моментално живеат, т.е. имаме поголема разноликост во одговорите, најчеста комбинација со 3,4% е 2-7-8, или социјално-економски можности (работни места, подобри плати, соодветно работно место, подобри колективи и заштита на

работниците, социјална помош и сл.), можности за подигнување на семејство (градинки и школи, поволни услови за породилно отсуство) и поволен здравствен и пензиски систем. На второ место, со 3% е нешто друго, а на трето, со исто така 3% е опцијата „социо-економски можности“. (Графикон 17.2) Можните одговори на ова прашање види ги во Анекс I, П.6.

Графикон 17.1. Три аспекти на живеењето кои беа пресудни за да се одлучите да се преселите токму во земјата во којашто живеете моментално

Графикон 17.2. Најчести десет комбинации на трите аспекти на живеењето пресудни за одлуката за преселба во земјата на моментално живеење



КОИ ТРИ ГЛАВНИ ПОЗИТИВНИ НАВИКИ СТЕ ГИ СТЕКНАЛЕ СО ВАШЕТО ПРЕСЕЛУВАЊЕ ВО НОВАТА ДРЖАВА?

Промената на живеалиште во нова држава подразбира и промена на животниот стил, навикнување и учење на политичко-административниот систем, промена на диететски навики и слично. За очекување е дека иселениците на драга волја ќе сменат одредени стари навики, со цел да се дистанцираат од она од што „побегнале“, а ќе се навикнат и на нови правила на игра кои на почеток можеби им изгледале страни, или дури се соочиле и со културолошки шокови.

Трите главни придобивки на македонските иселеници од преселувањето во новата држава се стекнати навики за грижа за сопственото здравје преку спорт и рекреација во природа (54,4%), подигната свест за важноста на владеењето на правото и отвореноста на институциите (50,4%) и научување нов јазик (37,5%) (Графикон 18.1).

Графикон 18.1. Трите главни позитивни навики стекнати со преселувањето во новата држава

Графикон 18.2. Десет комбинации на трите главни позитивни навики стекнати со преселувањето во новата држава.



Испитаниците најмалку се фокусирале на грижата за животната средина и нови навики на однесување во јавни и приватни институции. Ова може да се протолкува во два правци, едниот е дека овие два аспекта на живеењето остануваат неважни за македонските иселеници или дека веќе биле важни и пред иселувањето и затоа не се наведени помеѓу приоритетните (т.е. не им било потребно менување на навиките). Понатаму низ студијата ќе имаме прилика да се навратиме на овој аспект преку споредба со одговори на други прашања.

Како што се гледа во Графинкон 18.2, најчестата комбинација во ова прашање, за 7,9% од испитаниците, е 4-8-9, стекнати позитивни навики на однесување во јавни и приватни институции (чекање ред, учтив однос кон вработените, почитување на правилата на однесување и тн.), научувањето нов јазик и подигната свест за важноста на владеењето на правото и отвореноста на институциите (функционирање на системот, ниско ниво на корупција, непотизам, партизација, клиентелизам и сл.) (За редниот број на одговорите на ова прашање види Анекс I, П7.)

КОЛКУ СТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД ЖИВОТОТ ВО НОВАТА ДРЖАВА?

Не сите аспекти од животот се едноставни за прифаќање за имигрантите во една држава. Културолошки, климатски, системски и друг вид на јазови природно е да постојат помеѓу локалците и странците. Од Графикон 19 може да се забележи висок степен на задоволство кај испитаниците од сопствениот живот по повеќето од наведените основи. Најзадоволни (со 76% да, и 20% донекаде да) се од личната здравствена состојба и (со 73,2% да и 22,2% донекаде да) од личното чувство на безбедност. Личниот економски раст (плата, заштеди), интеграцијата во општеството и личната професионална реализација, сите имаат повеќе од 50% позитивна оцена (со да, многу сум задоволен). На сметка на тоа, се забележува највисоко ниво на незадоволство (до 11% воопшто незадоволни, а до 42% донекаде да) од социјалниот и емотивниот живот (што подразбира љубов, чувство на припадност наспроти осаменост и носталгија за дома). Личната професионална реализација и интеграција во општеството остануваат помеѓу аспектите кои се на средината (оценети истовремено и како добри и како лоши). Тоа е за очекување, имајќи ја предвид тешкотијата со јазикот на почетокот од престојот во нова држава (што автоматски ги става имигрантите во државата во незавидна положба на пазарот на труд, и непризнатоста на македонските дипломи и потребата од нивно дополнување/доучување).

Графикон 19. Колку сте задоволни од следниве аспекти на животот во новата држава?



ПОРАДИ ШТО НАЈМНОГУ ИМАТЕ ЧУВСТВО ДЕКА СТЕ ДОБРЕДОЈДЕНИ ВО ДРЖАВАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕТЕ?

Како највисоки „квалитети“ што ги прави македонските иселеници добредојдени имигранти во одредена држава испитаниците ги навеле „чесни, вредни и одговорни работници“ (66,8%), “прилагодливост/ лесна културолошка интеграција во општеството“ (46,5%) и „високо квалификувана работна сила и/или нивната дефицитарна професија“. Мал дел од испитаниците (2,4%) одговориле дека не се чувствуваат добредојдени во новата држава. (Графикон 20.1)

Графикон 20.1. Имате чувство дека (Вие и/или член на Вашето семејство) сте добредојдени во државата во која живеете најмногу поради (можни три одговори).

Графикон 20.2. Најчести десет комбинации за чувството дека (Вие и/или член на Вашето семејство) сте добредојдени во државата во која живеете најмногу поради (можни три одговори).



Комбинацијата со највисок процент (11,3%) помеѓу одговорите на испитаниците е токму комбинацијата на првите три избрани одговори наведени погоре (2-4-6), втората е 4-6-8, (за 7,3% од испитаниците) или наместо „високо квалификувана работна сила/дефицитарна професија“, комбинацијата на одговорите „вредни/чесни/одговорни работници“, „лесна прилагодливост/културолошка интеграција“ и „не се занимавам со нелегални/криминални дејствија“. Третата комбинација (за 6,1%) е 4-8-9, што значи „вредни/чесни/одговорни работници“, „не се занимавам со нелегални/криминални дејствија“ и „не сум конфликтен/насилен“. (Графикон 20.2, а за останатите комбинации прочитајте ги со помош на Анекс I, П9.)

КОИ ДВЕ РАБОТИ ГИ СМЕТАТЕ КАКО НАЈГОЛЕМА ЖРТВА НА СМЕТКА НА ТОА ШТО СТЕ ГО ДОБИЛЕ СО ПРЕСЕЛУВАЊЕТО?

На сметка на тоа што го добиле со преселбата, мигрантите секогаш губат нешто со напуштањето на татковината. Понекогаш тоа се опипливи работи (имот, пријатели, храна), понекогаш се спомени и чувства. Двете работи кои испитаниците ги сметаат за своја најголема жртва со иселувањето се далечината/одделеноста од фамилијата и пријателите (за 78%) и за 20% културата (што подразбира храна, музика, кафеана, празнувања, уметност, литература и сл.) (Графикон 21.1)

Додека првата категорија „далеку од фамилијата и пријателите“ е присутна во девет од десет први комбинации, а првата комбинација ги опфаќа и најзастапените категории (далечината од фамилијата и пријателите и културата), следна категорија присутна помеѓу првите три комбинации е „времето потрошено на студирање факултети што не се признати во странство“, и по неа е „чувството на домаќин (граѓанин од прв ред). Испитаниците во голем процент избрале/навеле и друга од наведените опции (14%), што се јавува и во две од првите десет комбинации. (Графикон 21.2, а подетално околу редоследот на одговорите види во Анекс I, П11).

Графикон 21.1. Две работи кои ги сметате како најголема жртва на сметка на тоа што сте го добиле со преселувањето

Графикон 21.2 Најчести десет комбинации на две работи кои ги сметате како најголема жртва на сметка на тоа што сте го добиле со преселувањето



ИНТЕГРАЦИЈА

Освен со вклучувањето на пазарат на труд, интеграцијата на имигрантите во голема мера се гледа преку степенот на познавање на јазикот (или јазиците) кои се зборува/ат во државата и пријателите и нивната културолошка и јазична позадина. Чувството на припадност, сепак, е нешто лично, па може да не соодветствува со надворешната слика дури и кај објективно солидно интегрираните дојденци (по основ на јазик, работа и социјален круг).

Во Графикон 22 гледаме дека скоро 40% од испитаниците го оцениле сопственото познавање на јазикот (еден од официјалните јазици) на државата во која моментално живее како добро/одлично за комуникација, а 35% го оцениле одлично на професионално ниво. Само 3,5% изјавиле дека не го познаваат јазикот воопшто, а скоро 23% го познаваат на основно ниво. Ова покажува солидна јазична интеграција на македонските имигранти во државите домаќини, а со тоа и повисоки шанси за професионален напредок.

Графикон 22 Степен на познавање на јазикот на државата на доселување

.

Доста голем дел од македонските иселеници (43%) своите пријатели по иселувањето ги „бираат“ помеѓу доселениците од Македонија и поранешните југословенски републики (плус Албанија), или помеѓу локалното население (28%). Европски државјани се пријатели и контакти на 22% што фактички е повисок, со оглед на тоа дека од 28% локално население голем дел е всушност од Европа. (Графикон 23)

Ова е особено важен показател за јазикот и културата како сврзно ткиво, што честопати се рефлектира во еден вид „гетоизирање“ на „нашите“ како концепт кој ги апсорбира иселениците од поранешните југословенски републики.

Графикон 23. Вашите пријатели и контакти во новата држава се најчесто (државјани)



Сепак, преселувањето во нова држава со себе неминовно носи контакти со локалното население и доселеници од други етницитети и националности. Ние ги прашавме иселениците „во кој правец се промени нивното лично национално чувство/идентитет по преселувањето?“ Графикон 24 покажува дека 36,3% одговориле дека не се променило ништо во начинот на кој испитаникот се идентификува себе си, додека 14,1% од испитаниците сè повеќе се идентификуваат како космополити. Најмалку од испитаниците сè повеќе се идентификуваат со својата етничка група“ (3,9%), и со граѓаните на Македонија (5,5%). Сепак, прашањето не нуди одговор за степенот на идентификација како Македонци - граѓани на Македонија, наспроти нивните етнички идентитети (Македонци, Албанци, Турци, Роми и сл.) кај оние 36% кои одговориле дека кај нив ништо не се променило во начинот на кој се идентификуваат себе си.

Графикон 24. Преселувањето во нова држава со себе носи контакти со локалното население и доселеници од други етницитети и националности. Во кој правец се промени вашето лично национално чувство/идентитет со преселувањето? (едно)

РОДОТ И МИГРАЦИИТЕ

Истражувањето на Ризанкоска и Спасеска (2020, стр. 29) покажа дека патријархалните традиционални општествени норми и постоечките стереотипи за биолошките разлики помеѓу родовите се главните причини за бавното придвижување кон рамноправност на жената во Македонија. Во истото истражување (ибид, стр.22-24) се покажува дека граѓаните веруваат дека постои родова рамноправност пред законите и религијата, а поголем дел од нив не веруваат дека постои фактичка рамноправност во работното опкружување и економска рамноправност, а уште помалку дека постои рамноправност во домашните обврски и одгледувањето на децата. Значаен податок за тоа дека постои една т.н. „родова изгубеност во преводот“ во Македонија е тоа што мажите, во многу поголема мера од жените, ја оценуваат состојбата со рамноправноста во државата како позитивна.

Испитаниците и испитаничките иселеници/чки беа исто така прашани за нивно мислење околу влијанието на преселувањето во друга држава врз можностите за кариерен развој на жените (за жените и оние кои се декларирале како друго под категоријата „род“ - лично врз нивниот живот, а за мажите, можностите на жените во семејството (сопруга/партнерка/девојка/мајка/сестра/ќерка)).

Најголем процент од жените (51%) одговориле дека со преселбата многу им се подобриле можностите за кариерен развој, 19,8% одговориле дека донекаде им се подобриле, а 15% дека тоа немало влијание врз нивните можности за кариерен развој. Од оние кои се декларирале како „друго“ 50% рекле дека многу им се подобриле, а 50% дека донекаде им се подобриле можностите за кариерен развој. Од мажите пак, 34% одговориле дека преселбата многу им ги подобрил можностите за кариерен развој на жените од своето семејство, 22,5% одговориле дека немало влијание, а 17,3% не знаат дали преселбата имала влијание врз кариерните можности на жените од семејството. (Графикон 25)

Жените беа посебно запрашани да го оценат степенот на подобрување на рамноправноста по родова основа во новата држава во различни аспекти од животот. (Графикон 26). Тие генерално одговориле дека (донекаде или потполно) почувствувале подобрување на рамноправноста по родова основа по преселбата. Таквото подобрување најмногу се почувствувало во извршувањето на домашните обврски (за 57,3% од испитаничките), фактичката рамноправност во работното опкружување (за 56,9%). и економската рамноправност (56,7%). Онаму каде што испитаничките најмалку сметаат дека се подобрила нивната рамноправност по родова основа или не

знаат дали се подобрила е пред нивната религија (25% одговориле негативно, а 24% не знаат) и во одгледувањето на децата (15% одговориле негативно, а 19% не знаат). Очигледно е дека аспектите на родовата рамноправност што зависат од државата се подобруваат за македонските жени, а оние кои остануваат во приватната сфера (деца, и религија) иако се подобруваат, имаат понизок степен на напредок.

Графикон 25. Дали преселбата ги подобри можностите за кариерен развој на жените?



Графикон 26. Дали со Вашата преселба во странство на своја кожа почувствувавте подобрување на Вашата рамноправност по родова основа? (ЖЕНИ)



ГРАЋАНСКА ПАРТИЦИПАТИВНОСТ И ЕМИГРИРАЊЕ

Од резултати кои претходно ги елабориравме забележуваме дека недоволниот демократски развој во Македонија (политичкиот фактор) е главната причина за пристапување на граѓаните кон една суштински важна животна одлука, како што е иселувањето од државата. Степенот на демократски развој во една земја, пак, во голема мера зависи од тоа колку и како граѓаните политички партиципираат, односно колку се дел од процесот на донесување на одлуки за јавните политики спроведени на локално и централно ниво. Граѓаните може да партиципираат посредно и непосредно. Посредното партиципирање го утврдува претставничкиот начин на демократија, граѓаните гласаат за тоа кој ќе одлучува за нив и за јавните политики кои целосно ги засегаат. Непосредниот начин на учество пак, обезбедува директно влијание или одлучување од страна на граѓаните.[3]

Во литературата се среќава јасна поделеност во однос на политичката и граѓанската партиципација. Политичка партиципација според Верба, Шолзман и Бреди (1995, стр. 38) е дефинирана како „активност која има намера да влијае или да има одреден ефект врз активностите на владата, таквите активности може да се директни со влијание врз создавање или имплементација на јавна политика, или индиректни преку влијание врз луѓето кои одлучуваат за одредени политики“. Искористување на правото на глас, гласање, е најраспространета и основна активност која се однесува на политичка партиципација, но постојат голем број други активности преку кои може да се врши влијание врз јавни политики на локално и централно ниво. Граѓанската партиципација, се дефинира како организирана волонтерска активност фокусирана на решавање на проблеми и помагање на другите. Бројни автори сметаат дека „златен стандард” за демократско владеење е подеднакво развиена граѓанска и политичка партиципација која ќе биде значително распространета во рамките на еден политички систем. Исто така „златен стандард” за демократски граѓанин е оној кој е спремен за да може да партиципира и на политичко и на граѓанско ниво.

Едни од причините за негативниот тренд во политичката и граѓанската партиципативност се промените во семејната структура, притисокот на ограниченото време, потребата и желбата за материјални средства, субурбанизацијата (преселување на одредени високи социјални слоеви од центар во приградски населби), имиграција,

[3] Претставничката демократија е последица на „гласот на граѓаните“, кои на избори ги избираат претставниците во власта кои ќе одлучуваат во интерес на граѓаните. Додека директната демократија е онаа која нуди механизми во рамките на демократските политички системи преку кои граѓаните директно одлучуваат за одредено прашање од јавната сфера.

контраверзни политичари (голем број на злоупотреби на положба и скандали), новите медиуми и слично (Putnam 2000).

Конвенционални форми на политичка партиципација се гласање на избори, контакт со своите избраници и (во пораст последниве години) вклучувањето и влијанието преку социјалните медиуми. Неконвенционални форми се демонстрации, прекршување на одреден закон, па дури и поттикнување на насилство како што е случајот со терористички акции против државата.

Истражувањето на Ризанкоска и Трајкоска (2018) покажува дека граѓаните не ги познаваат основните алатки за вклучување во креирањето на политиките во Македонија, а граѓанските организации (ГО) не поседуваат капацитети за истото. Така на пример, 60% од граѓаните не слушнале за инструментот Проценка на влијание на регулативата (ПВР) како алатка за креирање политики базирани на докази. За 46% од ГО ПВР е во нивниот работен фокус, а 54% располагаат со капацитети за следење или вклучување на процесите на креирање политики. Повеќе од половина од ГО сметаат дека истите не се редовно, континуирано и благовремено вклучени и информирани за процесите на донесување одлуки и креирање политики.

Сепак, граѓанскиот (невладин) сектор во 2013 година за прв пат има мнозинска доверба (54%) од страна на граѓаните, што е скок од 6% поени од 2010 и 2006 година (Кржаловски, 2013). Граѓаните во истата година укажале најголема доверба во црквите и верските објекти (67%) и во граѓанските организации (60%). Кај првите со нешто намалена, а кај вторите со зголемена тенденција на доверба (што се гледа и во зголемениот „Цивикус индекс на доверба“ во ГО за 2011. Довербата во синдикатите, стопанските комори и организациите на работодавачи и значително пониска (до 37%). Довербата во државата, од друга страна е 48%, а во политичките партии само 28%. (ибид, стр.4) Иако во 2013 преовладува јавно мислење дека ГО се изворни иницијативи на граѓаните со цел да се остварат нивните интереси, а не финансирани од странски држави и фондации за да ги пренесуваат интересите на тие држави (Нурединоска, Кржаловски, Стојанова 2013, стр. 10), пред и во текот на т.н. „Шарена Револуција“ се одвиваше сериозна кампања на т.н. „десоросоизација“ (Трпковски и др. 2020, стр.8) од страна на тогашната влада што ги измести убедувањата кај граѓаните. Во 2018 година повторно добиваме слични резултати во однос на довербата во ГО, со уште повисока доверба на граѓаните во црквите и верските здруженија (73%) и граѓанските огранизации (60%) (Цеков 2018), но постои една конфузна слика за тоа како граѓаните ги доживуваат ГО во однос на нивната кауза. Цеков (ибид, стр. 10)

посочува дека граѓаните генерално се согласуваат со ставовите дека граѓанските организации се организирани првенствено за да ги остваруваат целите на граѓаните (61%), но, исто така, испитаниците се согласуваат со ставовите дека граѓанските организации се финансирани од страна на странски држави и фондации и дека им служат ним (61.5%).

Конечно, од последната анкета на НДИ (2020, стр. 26) се гледа и дека граѓаните имаат голем степен на недоверба во институциите на државата, од кои најмалку во судовите, јавното обвинителство и државната комисија за спречување корупција.Затоа специфичното истражувачко прашање во оваа студија го тангира проблемот со слабата доверба, а со тоа и низок степен на граѓанска вклученост во менувањето на јавните политики што, креирајќи чувство на апатија, отуѓеност и немоќ за менување на состојбите, ги турка граѓаните во бранот на масовното иселување.

Следствено, ***прашуваме во кој степен иселениците биле вклучени во процесите на креирање политики на локално и национално ниво пред заминувањето? Колкаво ниво на доверба во институциите, нивно познавање и комуникација со истите постоело пред граѓаните да се одлучат на заминување?*** Од горенаведената анализа на литература ние очекуваме степенот на доверба, познавање и ангажман во институциите и процесите на креирање јавни политики да биде низок.

Одговорот од ова истражување е јасен. Поради недоверба во институциите дури 57% од испитаниците не учествувале во решавање на локални проблеми пред отселувањето, додека скоро 19% од испитаниците комуницирале писмено, онлајн, преку социјални мрежи, а исто така скоро 19% комуницирале лично со институциите преку средби со претставници. Скоро 14% комуницирале неформално (преку познаници), а скоро 13% не учествувале на никој начин поради непознавање на институциите (Графикон 27).

Овие наоди ја потврдуваат очекуваната насока на нашата хипотеза, како и одговорите на следното прашање. Повеќе од половина од испитаниците (52,6%) не учествувале во никаков тип на активности за граѓанска партиципација (на локално или национално ниво), а 26,5% за таа намена употребиле протест и/или штрајк. Собир, јавни трибини, анкети и предлози употребиле 22%, а бојкот, референдум и граѓански иницијативи се алатките употребени од помалку од 13%. Со тоа, гледаме дека граѓаните не им верувале или не ги познавале доволно институциите, и дека како основна алатка за партиципација во креирањето политики ја користеле алатката „протест и/или штрајк“, додека многу малку граѓански иницијативи (за промена на Устав, предлог закон или референдум, прашања од надлежност на локална самоуправа и сл.). (Графикон 28)

Графикон 27. На кој начин вообичаено учествувавте во решавање на локални проблеми пред вашето иселување? (одберете најмногу ДВЕ опции)

Графикон 28. Пред да донесете одлука за иселување сте учествувале во активности (на локално и/или централно ниво) како што се: (можни се повеќе одговори)

Ваквиот недостаток на доверба во институциите (споменат и во воведниот дел на ова поглавје) се отсликува и во (не)инволвираноста на иселениците во разни невладини/граѓански организации. Испитаниците во голема мера (40,22%) не членувале во никаква организација пред иселувањето, 24% биле дел од здруженија кои се залагаат за демократија, човекови права и сл., а 23% биле членови на спортски клубови. И во нашиот примерок јасна е разликата во инволвираност (што индиректно би значело и ниво на доверба) во граѓанските организации наспроти политичките партии. Имено, освен доверба во цркви и религиозни организации (која во претходните истражувања е со највисок степен, а во оваа студија е некаде на средината), трендот на доверба во организациите во постоечките истражувања и инволвираноста на иселениците од овој примерок е доследен. Така, најмногу се ангажирале во граѓански организации (од различен профил), а дури потоа во синдикати и политички партии. (Графикон 29)

Графикон 29. Пред Вашето иселување активно сте учествувале во (можни се повеќе одговори)

Иако голем дел од граѓаните (пред иселувањето) не го прекршиле редот на чекање за добивање услуга во институција (75%), на голем дел не им поништиле казна за сообраќаен прекршок (67%), ниту пак искористиле врски за да завршат некоја работа во институциите (63%), исто така голем дел не рециклирале отпад (83%), ниту иницирале никаква акција за промени во нивната непосредна околина (83%). Додека 54% понекогаш, а 14,3% постојано пријавувале неправилности во полиција и инспекторати (пр. за неправилности, нелегални постапки и злоупотреба на работно место од страна на претпоставените, семејно насилство, експлоатација на деца и сл.), 41,2% понекогаш или постојано примале/давале мито. (Графикон 30)

Овие наоди зборуваат повторно за од една страна неволноста на иселениците да бидат дел од едно општество во кое не владее правото, а владее корупција или неформалност во работата на институциите, а од друга, дека сепак испитаниците не покажале висок степен на проактивност во менувањето на својата околина поради, како што кажавме непознавање или недоверба на институциите. Тие не биле запознаени со механизмите за директна демократија и начинот на кој би требало да ги користат за учество во креирање на политики и одлуки на локално и централно ниво.

Графикон 30. Граѓанско поведение пред институциите пред иселувањето

Од друга страна, како важна напомена е дека Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните е нејасно поставен во поглед на механизмите за директна демократија и истиот предвидува сложена и долга процедура за користење на овие механизми.[4]

Оттука, дилемата која се појави во прашањето за трите главни придобивки од преселбата, т.е. нискиот степен на фокусирање на грижата за животната средина и нови навики на однесување во јавни и приватни институции останува. Дали овие два аспекта на живеењето остануваат во втор план за македонските иселеници поради приоритетните потребни промени во однос на функционирањето на системот?

Конечно доаѓаме до главната алатка за политичка партиципација – изборите и гласачката активност. Македонија во неколку наврати го има променето системот на вклучување на гласачите од дијаспората, што се покажало и неефикасно и скапо. Затоа неделиво прашање на тоа за трошоците на гласањето на иселениците е и прашањето за тоа колку иселениците се волни за овој вид на политичка партиципација во матичната земја? Според нашето истражување (Графикон 31), 63% од испитаниците не би гласале на изборите во Македонија, а од останатите, 19% би гласале електронски, 10% во конзуларните претставништва во земјата каде што живеат, 7% директно во своето гласачко изборно место и помалку од 1% по пошта. Овој податок е важен кога во иднина би се работело на изборниот инженеринг, со оглед на тоа што зборуваме за скап процес кој не е приоритет за повеќе од половината од иселениците.



Графикон 31. Вие би гласале на изборите во Македонија

[4] На пример во постоечката регулатива стои дека граѓанска иницијатива на централно и локално ниво се покренува на иницијатива на 100 граѓани. Граѓанска иницијатива за поднесување на предлог закон потребно е да се иницира од страна на 10 000 граѓани, а за промена на Устав или распишување на референдум потребно е иницијативата да е подржана од 150 000 граѓани. Од друга страна за граѓанска иницијатива на локално ниво, иако може да се покрене со 100 потписи, таа се смета за покренатa доколку ја подржат 10% од граѓаните запишани во избирачкиот список. За формирање на политичка партија потребно е да се соберат 1 000 потписи, а за да се покрене граѓанска иницијатива на локално ниво понекогаш потребно е повеќе. Пример, во градот Прилеп (каде според последниот попис има 69.704 жители), потребно е да се соберат 6.970 потписи.

ПЛАНОВИ ЗА ИДНИНАТА

Откако откривме дека политичката партиципација во вид на гласање на демократските избори во Македонија не е приоритет за нејзината емиграција, конечно, стигнуваме до едно од најважните прашања поврзани со врските помеѓу емигрантите и матичната држава – девизните дознаки од странство и инвестицискиот потенцијал.

Според проценки коишто се прават од страна на Народната банка износот на девизните дознаки од иселениците и лицата на привремена работа во странство, од 2009 година наваму, во просек изнесува околу 16% од БДП (иако поголемата застапеност на дознаки во готовина ги прави овие проценки недоволно прецизни). Гувернерката на Народна банка напоменува дека ваквите дознаки се особено важни за македонската макроекономија и дека глобалниот шок предизвикан од пандемијата со Ковид-19 во 2020-та ќе се пренесе во домашната економија токму преку нив. (Ангеловска-Бежоска, 2020) Во истражувањето на Николоски (2013) 75% од испитаниците изјавиле дека испраќале девизни дознаки за своите најблиски роднини (татко, мајка, деца), иако нередовно и во поголемиот број случаи во висина од 50 до 100 евра или долари.

Нашето истражување покажа понизок процент на иселеници кои праќаат девизни дознаки за разлика од тоа на Николоски (2013) - дури 37% од испитаниците никогаш не испраќаат средства (не вложуваат) во Македонија. Сепак, од тие 63% кои испраќаат дознаките се нешто повисоки, или 27% испраќаат до 5000 евра, 21% до 1200 евра годишно, и скоро 15% испраќаат повеќе од 5000 евра годишно. (Графикон 32)

Графикон 32. Годишен финансиски/материјален влог во Македонија



Николоски (2013) посочува дека инвестициската клима во Македонија „не е изградена на највисоко ниво од причина што кај иселениците сè уште постои недоверба спрема државната администрација, која сè уште е бавна во административната кореспонденција и комуникација, односно нагласената бирократија со нив“. На тоа се додаваат безбедносната состојба, (до времето кога е издадена книгата – 2013) одложеното членство во НАТО, нереформираното судство, како и потребата од законски олеснувања при инвестирање на иселениците.

Додека најголем дел од испитаниците во ова истражување планираат во иднина да купат или да го одржуваат својот постоечки имот во Македонија (42%), 46% од испитаниците не планираат да инвестираат таму, а само 14,5% планираат да инвестираат (Графикон 33). Најголемиот дел (скоро 50%) од испитаниците планираат да живеат надвор од Македонија засекогаш, 13% планираат да останат во странство до пензија, а 16% планираат да живеат надвор од земјата на долг рок (повеќе од 5 години). 18% од примерокот не знае колку долго ќе остане надвор од Македонија, а скоро 3% на среден или краток рок (помалку од 5 години). (Графикон 34)

Графикон 33. Идни планови за инвестирање во Македонија.

Графикон 34. Планови за враќање во Македонија.

Убедливи 62% од испитаниците не би се вратиле во Македонија поради нејзината интеграција во Европската Унија, а скоро 20% одговориле дека можеби би се вратиле. Додека 14% не знаат, само 3,3% позитивно одговориле на ова прашање (Графикон 35). Конечно, дури 87% од испитаниците изјавиле дека познаваат некој кој или се подготвува, или во догледна иднина планира да се отсели од Македонија (Графикон 36).

Графикон 35. ЕУ како мотивација за враќање во Македонија.

Графикон 36. Познавам некој/а кој/а е во подготовка или планира да се отсели од Македонија.

Погоре наведените податоци го вклучуваат алармот за алиенацијата на македонската дијаспора од матичната држава, барем во некогаш познатата „печалбарска“ смисла. Македонските граѓани, во потрага по среќа, одлучуваат да се интегрираат сè повеќе во новите околини, а врските со матичната земја од финансиски да ги сведат на „симболични“ или „сентиментални“ (преку имот) врски. Ова многу веројатно ќе се одрази позитивно на личната перспектива на иселениците, но многу негативно на таа на Македонија.

ЗАКЛУЧОЦИ

- **ИСЕЛУВАЊЕТО Е ПОЛЕСНО ОД ОСТАНУВАЊЕТО.**

На прашањето „Според вашето искуство, полесно беше да се иселите отколку да останете во Македонија?" 74% од испитаниците одговориле позитивно, а само 10% одговориле негативно.

- **ЛОША ПОЛИТИЧКА КЛИМА, ЕКОНОМСКИ УСЛОВИ И НЕМАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ - ГЛАВНИТЕ ПРИЧИНИ ЗА ЕМИГРИРАЊЕ.**

Ние покажавме дека зад масовноста на иселувањето не стои исклучиво економскиот фактор. Всушност, заклучуваме дека иселениците бегаат пред сè од неповолна политичка клима, а потоа поради лошите економски услови, низок животен стандард и поради немањето услови за кариерен развој.

Корупција, клиентелизам, партизација, непотизам, невладеење на право, недоверба во изборните процеси, загаден медиумски простор, овие се главните политички мотиви за напуштање на земјата. Граѓаните во последните декади се изложени на партиски притисок од кој им зависи и социјалниот и економскиот статус, притисок кој иселениците го дефинираа преку потребата за поседување партиска книшка за вработување во државна администрација, притисок познат како „рекет“ од страна на владејачките структури кон приватните компании (на што посебно се ранливи малите и средни претпријатија), страв од јавно изразено мислење поради партиски реваншизам и така натаму. Чувството на граѓани од втор ред за некои испитаници е директна последица на социјалните разлики и на ваквата партиска поларизација во македонското општество во последните години.

Иако забележавме позитивна корелација помеѓу граѓаните кои претходно живееле во домаќинства со повисок вкупен приход и нивна повисока економска благосостојба по иселувањето, генерален заклучок од податоците е дека животниот стандард се подобрил за емигрантите. Така, бегството од нефер и неквалитетна распределба на кадри (директна последица од партизацијата), невработеност (особено кај младите), ниски плати и неплатена дополнителна работа (експлоатација на работникот), невложување во наобразба и надградба на вработените (обуки/тренинзи) и слично се деталните економски причини за емиграција. Конечно, неразвиеното/лошо образование и наука, и нискиот степен на истражувачка дејност и иновации го дефинираат проблемот со неповолните услови за кариерен развој, која е третата по ред причина за заминување. Сепак, недовербата во правосудството и неодговорноста на

властите, лошата животна средина, немањето услови за подигнување на децата (особено за самохраните мајки) се исто така важни мотиви за иселување наведени од страна на испитаниците.

- **СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ УСЛОВИ, МОЖНОСТИТЕ ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ И ЈАЗИКОТ ЈА ДЕФИНИРААТ ДЕСТИНАЦИЈАТА ЗА ИМИГРИРАЊЕ.**

Иако политичките причини натежнуваат при донесувањето на конечната одлука за заминување, социо-економските можности ја дефинираат дестинацијата. Тие се најважниот аспект при изборот на новото место на живеење за дури 68% од иселениците, после што следува понудата на поширок дијапазон на можности за кариерен развој во новата средина, како и познавањето на јазикот. Можностите за подигање на семејството и чистата животна средина се наведени веднаш по овие три причини, а културата и климата се помеѓу последните аспекти кои биле одлучувачки при изборот на местото на доселување.

- **ГРИЖА ЗА СОПСТВЕНОТО ЗДРАВЈЕ И ПОДИГНАТА СВЕСТ ЗА ВАЖНОСТА ОД ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ОТВОРЕНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ СЕ НАЈГОЛЕМИ ПРИДОБИВКИ ОД ЕМИГРИРАЊЕТО.**

Стекнатите навики за грижа за сопственото здравје преку спорт и рекреација во природа е најголемата придобивка за повеќе од половина од иселениците. Парадоксално е тоа што од една земја со изобилство на природни богатства граѓаните требало да емигрираат за да би започнале да се грижат за своето здравје. Сепак, тој податок укажува на неуспехот на Македонија да обезбеди т.н. овозможувачка околина за здрав живот на граѓаните (често во вид на достапност до природните рекреативни локации места и услови за спорт), недоволно обрнување важност на овие аспекти од животот преку системите за образование и работните средини. Додека повеќето компании во развиените држави нудат сали за спорт и промовираат активности за рекреација во природа, македонските работници не ги поседуваат ни основните мерки за заштита при работа (уште еден аспект наведен во причините за иселување во слободните коментари на испитаниците). Подигната свест за важноста на владеењето на правото и отвореноста на институциите е исто така важна придобивка за иселениците кои излегуваат од средина во која неформалните секогаш ги надвладуваат формалните начини на комуникација со институциите. Граѓаните, очигледно, ги

согледуваат бенефитите од функционирањето и отвореноста на институциите за сите, што прави граѓанинот да му верува на системот и на луѓето околу себе и на таков начин да гради позитивен социјален капитал/доверба. Учењето на нов јазик, повисоката свест и грижа за животните, како и подобрените ИТ вештини поради дигитализација на повеќе услуги во јавни и приватни институции се доста значајни за иселениците. Последното е особено релевантно во однос на релацијата помеѓу бавната и затворена администрација во Македонија и културата на неформалност и корупција во комуникацијата со институциите. Дигитализацијата е еден од начините за обезбедување отвореност и транспарентност на институциите, брза и ефикасна комуникација со граѓанинот и неутрализирање на човечкиот фактор во креирањето на таа т.н. „култура на неформалност“.

- **МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ СМЕТААТ ДЕКА НИВНИОТ ПРОФИЛ НА ЧЕСНИ, ВРЕДНИ И ОДГОВОРНИ РАБОТНИЦИ ГИ ПРАВИ ДОБРЕДОЈДЕНИ ВО НОВАТА ДРЖАВА.**

Според најголем дел од испитаниците, македонските иселеници се чесни, вредни и одговорни работници и тоа е основната причина зошто развиените држави се отворени за нив како имигранти. Тие исто така сметаат дека се високо квалификувана работна сила и/или имаат дефицитарна професија што ги прави попосакувани за странските економии и општества. Сепак, пред оваа последна одлика на македонскиот работник, испитаниците сметаат дека она што ги прави добредојдени во новата држава е нивната лесна прилагодливост/културолошка интеграција во новото општество. Многу мал дел од испитаниците (2,4%) одговориле дека не се чувствуваат добредојдени во новата држава. Ова е особено добар показател за владеењето на правото во една демократска држава каде граѓаните, еднакви пред законите, не добиваат чувство на дискриминација и маргинализација во нивниот пристап и комуникација до основните институции како здравство, социјала, образование и сл.

- **МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД СВОЈОТ ЖИВОТ ПО ПРЕСЕЛБАТА, А НАЈГОЛЕМА ЖРТВА ОД НЕА Е ДАЛЕЧИНАТА ОД ФАМИЛИЈАТА И ПРИЈАТЕЛИТЕ И КУЛТУРАТА.**

Иако прашањето за чувството за дискриминација (кое не е дел од оваа анализа) опфаќа поширока анализа на формалните и неформални односи и системски аранжмани кон имигрантите во одредена држава, македонските иселеници се чувствуваат генерално

задоволни од својот живот во новата држава. Најмногу се задоволни од личната здравствена состојба и чувството на лична безбедност, а најмалку од социјалниот и емотивниот живот. Врз (не)задоволството од социјалниот и емотивниот живот се рефлектира чувството на испитаниците дека за сметка на придобивките од преселбата ги жртвувале фамилијата, пријателите и културата (која се чини е нешто кое најмалку е важно за дестинацијата на имигрирање, а се смета за најголема жртва на стартот на емиграцискиот пат на една личност). Од друга страна пак, како најмалку важни од работите што ги жртвувале се наведени неформалноста при справувањето со институциите и учество во креирањето политики (можност за гласање и слично). Тоа што иселениците не чувствуваат носталгија по неформалноста на институциите во услови на комуникација со функционални институции во развиените земји е разбирлива. Од друга страна, тие не чувствуваат носталгија ниту по можноста за граѓанска партиципативост. Овој податок, пак, може да се анализира од призмата на факторот длабока „партизација“ на македонското општество. Заситени од улогата на политиката во сите сфери на живеењето, македонските иселеници не гледаат на политичката партиципација како на приоритет на живеењето.

- **МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ЛЕСНО СЕ ИНТЕГРИРААТ ВО НОВАТА СРЕДИНА.**

Македонските иселеници во голем степен одлично и на професионално ниво го зборуваат јазикот зборуван од мнозинството во државата на имигрирање, а тоа е важен показател за она што погоре и самите испитаници го навеле - нивната способност за брзо прилагодување и интеграција. Следствено, тоа им овозможува и повисоки шанси за професионален и економски напредок. Иако 14% од испитаниците сè повеќе се идентификуваат како космополити, 13% со локалното население, а 12% со европското, повеќе од 40% своите пријатели по иселувањето ги „бираат" помеѓу доселениците од Македонија и поранешните југословенски републики (плус Албанија). Ова (иако не во екстремен степен) се огледува во засилената идентификација на македонските иселеници со Балканците (за 10%), со Македонците (за 6%) и со својата етничка група (за 4%).

- **ЕМИГРАЦИИТЕ НОСАТ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ И КАРИЕРЕН ПРОСПЕРИТЕТ НА ЖЕНАТА.**

Повеќе од половина од жените одговориле дека со преселбата многу им се подобриле можностите за кариерен развој и дека по преселбата лично (донекаде или потполно) почувствувале подобрување на рамноправноста по родова основа. Таквото подобрување најмногу се почувствувало во извршувањето на домашните обврски, фактичката рамноправност во работното опкружување и економската рамноправност, а најмалку пред нивната религија и во одгледувањето на децата. Од мажите пак, 34% одговориле дека преселбата многу им ги подобрила можностите за кариерен развој на жените од нивното семејство, а 22,5% одговориле дека тоа немало влијание.

- **МАКЕДОНСКИТЕ ЕМИГРАНТИ НЕ УЧЕСТВУВАЛЕ ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ ПОРАДИ НЕДОВЕРБА ВО И НЕПОЗНАВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ.**

Дури 57% од испитаниците не учествувале во решавање на локални проблеми пред отселувањето поради недоверба во институциите, а скоро 13% од нив поради непознавање на истите. Скоро 19% од испитаниците комуницирале писмено, онлајн, преку социјални мрежи, исто толкав процент на испитаници комуницирал лично со институциите преку средби со претставници и скоро 14% од испитаниците комуницирале неформално (преку познаници).

Повеќе од половина од испитаниците не учествувале во никаков тип на активности за граѓанска партиципација (на локално или национално ниво). За 26,5% граѓанската партиципативност се остварила во вид на протест и/или штрајк, за 22% како собир, јавни трибини, анкети и предлози употребиле, а бојкот, референдум и граѓански иницијативи се алатките употребени од помалку од 13%. Со тоа, гледаме дека граѓаните, кои недоволно ги познаваат институциите, не ги познаваат добро механизмите за директна демократија или немаат доверба во нив, како основна алатка за партиципација во креирањето политики ја користеле алатката „протест и штрајк".

Недостатокот на доверба во институциите понатаму се отсликува и во (не)инволвираноста на иселениците во невладини/граѓански организации. Дури 44% од испитаниците не членувале во никаква организација пред иселувањето, а 24% биле дел од здруженија кои се залагаат за демократија, човекови права и сл. Ангажманот во синдикати и политички партии останува на крајот од листата.

Иако дури 75% од граѓаните пред иселувањето не го прекршиле редот на чекање за добивање услуга во институција, а над 60% не побарале поништување на казна за сообраќаен прекршок или врски за да завршат некоја работа во институциите, уште поголем дел од нив (83%) не рециклирале отпад редовно, ниту иницирале некаква акција за промени во непосредната околина. Додека 54% понекогаш, а 14,3% постојано пријавувале неправилности во полиција и инспекторати, 41,2% од граѓаните понекогаш или постојано примале/давале мито.

Оваа слаба иницијативност и апатија кај иселениците е рефлексија на општата недоверба и непознавање на институциите поради нивната нетранспарентност, инертност, затвореност за граѓаните и во голема мера непознавање на практиките за добро владеење. А „соучеството“ во неформалните (понекогаш и илегални) практики на функционирање на институциите од страна на испитаниците е резултат на високото ниво на практики на мито и корупција во државните институции со кое ниту една влада не покажала волја за справување досега (покажано и со сè пониското индекс на перцепција за корупција во последните години).

- **НЕ ПОСТОИ ВИСОК СТЕПЕН НА ВОЛЈА КАЈ ЕМИГРАНТИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПОЛИТИЧКО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО МАКЕДОНИЈА.**

Така, 63% од испитаниците не би гласале на македонските избори, а дури 37% од испитаниците никогаш не испраќаат средства во Македонија. Додека 42% од испитаниците планираат во иднина да купат или да го одржуваат својот постоечки имот, само 14,5% не планираат да инвестираат во Македонија.

Скоро 50% од испитаниците планираат да живеат надвор од Македонија засекогаш, а 16% повеќе од 5 години. Дури за 62% од испитаниците интегрирањето во Европската Унија не би било мотив за да се вратат во Македонија, а само за 3,3% би било. Конечно, дури 87% од испитаниците изјавиле дека познаваат некој кој се подготвува или во догледна иднина планира да се отсели од Македонија.

Овие наоди алармираат за потребата од посветеност на Берлинскиот Процес и на преговорите со ЕУ, како и итна реформска стратегија во насока на суштински промени на начините на кои функционира системот, со цел овозможување на владеењето на правото и демократизација. За македонските иселеници не е доволно интеграција во ЕУ без промена на политичката култура во земјата. Тоа значи дека партизацијата, корупцијата, нетранспарентноста на институциите и нивната нефункционалност ги

одвраќаат иселениците од желбата за враќање во Македонија. Економскиот стандард и креирањето фер услови за натпревар на пазарот на труд и воведување на *мерит* пред било каков друг систем при вработувањето на државни функции (во сите скалила на хиерархијата), е основен услов за департизација и на економијата.

Делиберативната демократија, пак, зависи од постојаната дебата и проактивноста на граѓаните (засегнатите страни) во процесите на креирање политики на национално и локално ниво. Граѓанската партиципација во индивидуална или групна форма е главното средство за менување на институциите кои во овој магичен круг на „изгубеност во преводот“ се и одговорни за демотивацијата, апатијата и отуѓеноста на граѓанинот од својата средина и за конечната одлука за напуштање на земјата.

НЕОПХОДНИ ПРОМЕНИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МАСОВНО ИСЕЛУВАЊЕ

- **ПОПИС**

Неопходно е итно спроведување попис на населението, што би овозможило планирање на ефективни (демографски, социјални и економски) политики во земјата и кон иселениците.

- **ЈАВНИ ПОЛИТИКИ**

Јавните политики треба исклучиво да се базирани на анализи и докази, а не на чисто партиски и/или Владини интереси. Формирање на посебно тело во Собранието кое ќе се занимава со активно следење на анализи направени од универзитетите, институтите, граѓанските организации и тинк – танк организациите, би олеснило нивна директна примена во процесот на креирање регулативи и донесување на одлуки на локално и централно ниво.

- **ИНСТИТУЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Департизација на државните институции преку воведување на системот на заслуги (*мерит* систем) при вработување во институциите на локално и централно ниво е основна мерка за зголемување на нивната ефикасност и ефективност. Исто така е неопходен услов за подигнување на нивото на доверба во нив од страна на граѓаните (како мерка против непотизмот и клиентелизмот).

Непристрасно и неселективно имплементирање на мерките за борба против корупцијата и посветеност на примената на принципите на владеење на правото и човековите права во земјата.

Воведување практики на политичка едукација за членовите на политичките партии е потребно со цел подигнување на нивната свест и знаења во однос на функцијата на партиите во политичкиот систем. Така би се подигнала свеста за важноста на борбата на партиите против „заробување на државата“, наспроти општо распространетото гледиште на македонските политички партии како „бироа за вработување“. Партиите одвнатре треба да се демократизираат со цел партиските ешалони меѓу себе будно да се контролираат и да не дозволуваат партизацијата на државата да биде целта на постоење на самата партија, а клиентелизмот средството за одржување на истата.

Преку дигитализација на институциите на системот би се намалило влијанието на човечкиот фактор во проблемот со неефикасноста на истите и со практиките на

корупција, мито и други неформални навики (култура) на комуникација со институциите.

Со цел локалните институции да се отворат за граѓаните потребни се системски едукативни програми за вработените што би го подигнало нивото на професионализација и подобрена перцепција за важноста од познавање на позитивните практики на добро владеење. Системската реформа на администрацијата треба да оди со паралелна промена на менталитетот кај вработените во администрацијата. Државните службеници треба да ја разберат и практикуваат филозофијата на „во служба на граѓанинот“, наспроти таа на „позиција на моќ“.

- **ГРАЃАНСКА ПАРТИЦИПАЦИЈА**

Потребна е промена на Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните поради неговото нејасно поставување во поглед на механизмите за директна демократија и сложена, долга и демотивирачка процедура за нивно користење. Промената треба да биде токму во насока на прецизирање на важноста на механизмите за директна демократија, посебно во делот на граѓанската иницијатива и олеснување на нивното спроведување. Тоа, следствено би влијаело врз развивањето на свеста кај граѓаните за важноста од учество во процесите на иницирање и креирање политики на локално и централно ниво, наспроти преовладувачката апатија за учество во политичките процеси.

Зголемување на инвестиции на државата во граѓанските организации и нивно задолжително вклучување во процесите на донесување нодлуки. Преку зголеменото финансиско помагање на граѓанските организации Владата инвестира во свој партнер во процесите на креирање политики, особено во процесите на Проценка на влијание на регулативата. Креирањето јавни политики базирани на докази е можно доколку се вклучени сите засегнати страни, што подразбира неопходност од граѓанска партиципација.

Зголемена транспарентност на владата при финансирањето на граѓанските организации. Недовербата во граѓанските организации не се раѓа само поради донаторскиот странски фактор, туку и поради нетранспарентните процедури на владино финансирање на граѓанските организации. Секторот за соработка со граѓанските организации на Владата треба да биде активно вклучен во процесот на изработка на повиците за грантови за граѓански организации, евалуација и

имплементација на проектите финансирани со пари од даночните обврзници. Ова е главна алатка за зголемување на довербата на граѓаните во граѓанските организации.

- **СУДСТВО**

Суштинска реформа на судството е неопходна со цел подигнување на довербата на граѓаните во правосудството преку казнување на корупција, злоупотреба на службена должност и други нелегални дејства од страна на високи претставници на власта.

- **ПОЛИЦИЈА**

Реформа на полицијата и инспекторатите во насока на спречување на практиките на злоупотреба на должност, мито и корупција, полициска бруталност, нивна професионализација и обука за комуникација со граѓаните со цел нивно поставување во служба/сервис на граѓаните. Ова е важен чекор за враќање на довербата во полицијата како обезбедувач на безбедност, истребување на криминалот и донесување мир, наспроти негативната перцепција и недоверба која моментално преовладува.

- **ЕКОНОМИЈА**

Потребна е стратегија за развојна економска политика со цел континуиран раст на платите (вклучително раст на минималната плата и на просечните плати) и овозможување поволна клима за започнување бизнис преку намалување на трошоците (административни и за човечки капитал) и бирократските процедури, и неутрализирање на демотивирачкиот фактор - корупција и организиран криминал.
Подобрување на статусот на работникот преку негова заштита на работното место и почитување на неговите права е основен услов за задржување на работниците во државата. Работникот треба да ги знае, бара и промовира своите работнички права и да не се плаши да пријави прекршок кај надлежните, а работодавачите да поттикнуваат позитивна работна клима преку награди и овозможување разноликост во можностите за надградување и напредување во работата и да пружат поддршка за семејството и децата. Потребно е градење на овозможувачка околина за спорт и рекреација во рамки на работните колективи преку бонуси/субвенции за опрема за спорт, организирани настани за тимски или индивидуални спортови и акции за чистење и/или одржување на јавни површини подобни за спорт и рекреација.

Носење нова (ажурирана) Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри (2020-2025) и нејзина доследна имплементација. Тоа би помогнало во задржување на дефицитарните кадри, медицински персонал, инженери и слични таленти.

- **ОБРАЗОВАНИЕ**

Потребна е итна реформа, мониторинг и евалуација на националната Стратегија за образованието за 2018-2025 и ставање акцент на влијанието и последиците од пандемијата со Ковид-19 врз образованието (акцент на новите технологии, дигитализација и модернизација на наставните програми и администрацијата). Посветеност кон нејзино исполнување според Акцискиот план е есенцијално.

Реформа во високото образование во насока на адаптирање на светските трендови на истражување со цел подигнување на квалитетот на академијата, како и подобрување на креирањето политики базирани на докази. Тоа подразбира и подобрување на условите и ресурсите за вршење на научноистражувачка работа (како мерка за подобрување на можностите за кариерен развој) и континуирано зголемување на месечните примања на академските и стручните кадри во земјата. Дополнително, потребно е градење механизми за привлекување на постојан или привремен кадар на врвни светски научници на универзитетите и институциите со цел размена на знаење и методологии.

- **МЛАДИ**

Градење механизми за стимулација на младите, стручните кадри и истражувачки потенцијал кои се подолго време во странство со што тие привремено или долготрајно би се вклучиле во пренесување на знаењето стекнато во странство за развој на македонската наука, образование, иновации и слично.

Вклучување на младите во креирање политики што ги засегаат нив (образовни, младински, социјални и економски) ќе помогне во изнаоѓањето нови ефективни и ефикасни мерки за стимулирање на вработување кај младите кои ќе бидат базирани на докази и со вклучување на младите како засегнати страни во нивното креирање. Обезбедување услови и стратегија за поврзување на приватниот сектор со универзитетите со цел да се овозможи квалитетна практична работа на студентите, што би им ги подобрило можностите за понатамошен ангажман. Воедно да се работи на

подигнување на свеста за важноста од волонтерство на младите, но и правата на волонтерите (со цел спречување нивна злоупотреба).

- **ЗДРАВСТВО**

Итно е потребна суштинска реформа на здравствениот систем и враќање на достоинството на јавното здравство. Професионализација и департизација на кадрите, справување со мито и корупција во јавните здравствени установи, вложување во јавното здравство (зголемен буџет за опрема и човечки потенцијал) и мотивирање на дипломираните медицинари за останување на работа во македонското здравство преку подобри материјално-финансиски субвенции, и услови за работа (вклучително личен кариерен развој). Искоренување на корупцијата од здравството преку мониторинг на јавни набавки и барање транспарентност од менаџментот.

- **ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Стратегија за грижа за животната средина и справување со климатските промени е една од поитните мерки кои треба да се стават на дневен ред на Владата. Делот на справување со отпад (радиоактивен, пластичен и медицински) и загадување на воздух и води не може да чека.

- **АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА**

Доследно имплементирање на Законот за дискриминација во пракса, при што ќе се овозможат подобри услови за кариерен просперитет на маргинализираните групи и жената, и повисоко ниво на родова рамноправност во државата.
Потребно е да се ревидира Законот за семејство во делот на старателство врз децата при развод на двајца подобни родители во насока на заедничко и одговорно родителство. Ваквата промена, наспроти досегашната пракса на доделување на децата на еден родител (најчесто мајката) ќе овозможат и подобрување на условите на жената за економска независност и кариерен развој. Самохраните родители треба да добијат поголема финансиска, психолошка и друга материјална помош во одгледувањето на децата. А потребно е поттикнување на мажите за користење на правото на породилно отсуство со цел градење здрави семејства и, преку еднаква распределба на домашните задачи и задачите околу одгледувањето на децата, ќе ја подобри перспективата на

жената за идно повторно инкорпорирање на работното место/кариерен напредок или вклучување на пазарот на труд за прв пат.

Потребно е вклучување на „родовото прашање“ во наставните планови во најниските одделенија со цел да се промовира еднаквост од најмала возраст.

- **ДИЈАСПОРА**

Доследно и посветено да се имплементира Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година и исполнување на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата, кои во обем и длабочина ги опфаќаат повеќето од проблемите и предизвиците кои се однесуваат на прашањето на дијаспората. Особено да се посвети внимание на потребата од Закон за миграција и Закон за дијаспора.

Наоѓање на оптимален модел за привлекување на странски инвестиции од дијаспората и подобрување на инвестициската клима преку даночни олеснувања и економски субвенции/олеснувања за повратниците кои би инвестирале. Ова би ги мотивирало македонските иселеници да се вложат себе си повеќе во просперитетот на матичната држава. Намалување на трошоците за трансфер на девизните дознаки во банките и агенциите за брз трансфер на пари, континуирано унапредување на олеснувањето и достапноста на трансмисијата на дознаките онлајн е дополнителна мотивација за влог.

Потребно е зголемување на бројот на дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија во светот и нивна активна евиденција на македонските доселеници во државата во која имаат мандат. Масовна евиденција преку само-регистрација на иселениците е можна (не преку казни) туку преку придобивки за иселениците. Подобрување на нивните услуги за иселениците, особено преку нивна дигитализација (издавање документи) е есенцијално сврзно ткиво помеѓу емигрантите и матичната земја. Активна комуникација со иселениците од страна на ДКП преку билтени и отворени средби, културни настани и слично е плус.

Конечно, потребна е ревизија на изборниот законик во насока на изнаоѓање евтин а ефективен модел на гласање на дијаспората на изборите и референдумите во Македонија.

РЕФЕРЕНЦИ

- Brady, Verba, and Schlozman. (1994) Beyond SES: A resource model of political participation. APSR: 829-838.
- Putnam, R.D. (2000) Bowling Alone: The Collapse and Revival of American Community. New York: Simon and Schuster
- United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2017). International Migration Report 2017: Highlights (ST/ESA/SER.A/404).
- Ангеловска-Бежоска, А (2020)Девизните дознаки од иселениците и лицата на привремена работа во странство се важни за македонската економија. Народна Банка на РСМ. Достапно на https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-05082020.nspx Посетено на 14.11.2020.
- Блажеска, А. (2018) Европската интеграција и младинската мобилност: како од одлив до прилив на кадар? Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) Достапно на http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/Brochure_Youth_A5_MK_WEB.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Влада на Република Северна Македонија. (2013) Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020“ (МОН 2013)
- Влада на Република Северна Македонија. (2019а) Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората. Достапно на https://www.diaspora.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/StrategijaIOM_priprema_na_kniga_koregirana.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Влада на Република Северна Македонија. (2019б) Акциски план на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората. Достапно на https://diaspora.gov.mk/?q=mk/node/139 Посетено на 11.11.2020
- Дојче Веле (2015) Попис по нов метод, но со стари дилеми. Дојче Веле. 15 октомври 2020. Достапно на shorturl.at/lvBDO Посетено на 11.11.2020.
- Докмановиќ, М. (2017) Воспоставување на критериуми за квалитет на општествените науки во функција на спречување на одливот на мозоци од Република Македонија. Документ за креирање политики. Институт за стратешки истражувања и едукација. Достапно на https://isie.org.mk/wp-content/uploads/2018/07/ISIE-studija-odliv-na-mozoci-MAK.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Зафиров, Т., Спасов, А. Јанкоска, А. (2018) Како да се справиме со демографската криза во Република Македонија? : нацрт краток документ за јавна политика. Скопје : Институт за социјална демократија Прогрес. Достапно на https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/8509/1/Demografska%20kriza.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Зинзирова, С. И Ванчов, Д. (2017) Документ за јавна политика. Како до намалување на младинската емиграција од Република Македонија? Прогрес – Институт за социјална демократија и Фондацијата „Калеви Сорса“. Достапно на http://progres.org.mk/files/publications/Iseluvanje%20na%20mladite.pdf Посетено на 11.11.2020
- Ицоски, М. (2020) Како да се задржат младите? Одливот на мозоци како најголем предизвик за Република Северна Македонија. Мрежа за спречување на одлив на мозоци. Достапно на https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/10/dokument-za-javna-politika.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Карадафова, М. и Андреевски, О. (2020) Што сме посеале, а што жнееме? Анализа на Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовании стручни кадри 2013 – 2020. Мрежа за спречување на одлив на мозоци. Достапно на https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/10/analiza-na-strategija-mkn.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Кржаловски, А. (2013) Довербата во луѓето и институциите. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Достапно на www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1449doverba-vo-lugjeto-i-vo-instituciite-2013.html Посетена на 11.11.2020

- МАКСТАТ-Државен завод за статистика на Република Македонија. (2018) Миграции 2017. Достапно на www.stat.gov.mk Посетено на 25.10.2020.
- Национален демократски институт и ТИМ институт (2020). Извештај за социо-политичкото истражување на јавно мислење февруари-март 2020. Достапно на https://www.ndi.org/sites/default/files/NDI%20North%20Macedonia%20March%202020%20mkd.pdf Посетено на 11.11.2020.
- НВО Инфоцентар и др. (2016) Анкета: Младите, планирањето на семејството и миграциите Скопје, јуни 2016. Достапно на http://nvoinfocentar.mk/wp-content/uploads/2016/07/korekcija-Anketa_Mladite-semejstvoto-i-migraciite-12.07.2016-1.pdf Посетено на 11.11.2020
- Николоски, З. (2013) Македонска дијаспора, клуч за развојот на Република Македонија. Златко Николоски, Скопје 2013.
- Нурединоска, Е., Кржаловски, А., Стојанова Д. (2013) Довербата во граѓанското општество [интернет].Скопје, МЦМС и ТАКСО - Македонска канцеларија. Достапно на http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1436-doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2013.html Посетено на 11.11.2020.
- Ризанкоска, Ј. и Спасеска, А, (2020) Анкета - 8 март и родовата рамноправност во Северна Македонија : 8 март- 8 мај 2020 : извештај. ДИЈАЛОГ Центар за делиберативна демократија Прилеп Достапно на https://cddd.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/8-March-8-%D0%9C%D0%B0%D1%80%D1%82-Rizankoska-Spaseska-Final.pdf Посетено на 10.11.2020.
- Ризанкоска, Ј. и Трајкоска, Ј. (2018) Проценка на влијание на регулативата за употреба на јазиците во Македонија. ДИЈАЛОГ Центар за делиберативна демократија (ЦДДД) Прилеп. Достапно на https://pvrupotrebanajazicite.cddd.org.mk/wp-content/uploads/2018/11/Full.PVR-ZUJ-Mac-Alb-Riazankoska-Trajkoska-DIALOGUE-2018-1.pdf Посетено на 11.11.2020.
- Собранието на Република Македонија (2015) Резолуцијата за миграциската политика за периодот 2015-2020. Сл. весник на Р Македонија бр. 8/2015 од 15.01.2015. Достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/a6a5102d81704eb39305182674122cb8.pdf#page=5 Посетено на 14.11.2020.
- Станковиќ, С. (2011) Реакции на прекинувањето на Пописот 2011. VOA – Глас на Америка. 11 октомври 2011. Достапно на https://mk.voanews.com/z/2238 Посетено на 11.11.2020.
- Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска, С., Цекиќ, А. (2013) Студија за младите во Република Македонија 2013. Фондација Фридрих Еберт, канцеларија Скопје.
- Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска, С., Цекиќ, А. Старова, Н. (2019) Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019. Достапна на http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf Посетено на 14.11.2020.
- Трпкоски, Г., Маглешов, В., Димитриевски, А., Калајџиев, Г., Прешова Д., Цаца Николовска, М., Коцо, К., Аврамовски, Д. 2020. Заслепена правда: до заробена држава во Северна Македонија - судство, јавно обвинителство и полиција. Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија, 2020. - 154 стр. Достапно на https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/07/zaslepena-pravda-za-web.pdf Посетено на 14.11.2020.
- Филипоски Б. (2020) Емиграција од Македонија: од 1990 до 2017 година (Македонија 2025) Достапно на https://www.macedonia2025.com/mk/activities/single/emigration-from-macedonia-1990-to-2017 Посетено на 11.11.2020.
- Цеков, А. (2018) Анализа на перцепцијата на граѓаните за граѓанското општество. Центар за истражување и креирање политики. Скопје. Достапно на [shorturl.at/hzJRV] Росетено на 11.11.2020.
- Цуда, Т. (2020) Една од причините зошто никој не знае колку луѓе живеат во Северна Македонија е тоа што никој не знае колку луѓе ја напуштиле. 14 мај 2020. Достапно на https://prizma.mk/broene-na-iselenite/ Посетено на 31.10.2020.

АНЕКС I

Табела 2. База на податоци – прашања

ОЗНАКА	ПРАШАЊЕ	ВРЕДНОСТ
Бр	Реден број	1-915
Д1	Возраст (години)	18-99
Д2	Комплетирано образование	1. До основно и основно образование 2. Средно образование 3. Висока стручна спрема 4. Универзитетско образование 5. М-р 6. Д-р
Д3	Религија	1. Православен/на христијанин/ка 2. Муслиман/ка 3. Католик/чка 4. Евреин/ка 5. Атеист/ка 6. Агностик 7. Друго 8. Не знам
Д4.1.	Работен статус пред иселувањето	1. Вработен (целосно работно време) 2. Вработен (скратено работно време) 3. Невработен 4. Самовработен (freelance) 5. Студент/ученик 6. Пензионер 7. Друго
Д4.2.	Работен статус по иселувањето	1. Вработен (целосно работно време) 2. Вработен (скратено работно време) 3. Невработен 4. Самовработен (freelance) 5. Студент/ученик 6. Пензионер 7. Друго
Д5.1.	Според ваша слободна проценка, пред иселувањето, месечен нето приход во вашето домаќинство (доколку сте живееле сам ваш лично) беше	1. До 9000 МКД месечно 2. Од 9001 до 18000 МКД месечно 3. Од 18001 до 36000 МКД месечно 4. Од 36001 до 60000 МКД месечно 5. Над 60001 МКД месечно 6. Не сакам да кажам
Д5.2.	Според ваша слободна проценка, по иселувањето, годишен нето приход во вашето домаќинство (доколку сте сам ваш лично) е	1. До 10000 евра годишно 2. Од 10001 до 20000 евра годишно 3. Од 20001 до 30000 евра годишно 4. Од 30001 до 40000 евра годишно 5. Од 40001 до 50000 евра годишно 6. Над 50001 евра годишно 7. Не сакам да кажам
Д6.1.	Место на живеење пред иселувањето (Општина)	1. Арачиново 2. Берово 3. Битола 4. Богданци 5. Валандово 6. Велес 7. Виница 8. Гевгелија

		9. Гостивар 10. Дебар 11. Делчево 12. Демир Капија 13. Демир Хисар 14. Долнени 15. Кавадарци 16. Кичево 17. Кочани 18. Кратово 19. Крива Паланка 20. Кривогаштани 21. Крушево 22. Куманово 23. Маврово и Ростуше 24. Неготино 25. Охрид 26. Прилеп 27. Пробиштип 28. Ресен 29. Скопје 30. Струга 31. Струмица 32. Студеничани 33. Тетово 34. Штип 35. Зрновци 36. Радовиш 37. Свети Николе 38. Градско 39. Петровец 40. Друго
Д6.2.	Место на живеење пред иселувањето (регион)	1. Скопски 2. Пелагониски 3. Полошки, југозападен и североисточен 4. Вардарски, источен и југоисточен 5. Друго
Д7.1.	Држава на моментално живеење	1. Австралија 2. Австрија 3. Белгија 4. Босна и Херцеговина 5. Брунеи 6. Бугарија 7. Германија 8. Грција 9. Данска 10. Исланд 11. Италија 12. Јамајка 13. Јапонија 14. Канада 15. Катар 16. Кина 17. Кипар 18. Косово 19. Малта 20. Мексико 21. Нов Зеланд 22. Норвешка 23. Обединети Арапски Емирати

		24. Обединетото Кралство 25. Полска 26. Романија 27. Русија 28. САД 29. Сејшели/Маурициус 30. Сингапур 31. Словачка 32. Словенија 33. Србија 34. Турција 35. Унгарија 36. Финска 37. Франција 38. Холандија 39. Хрватска 40. Чешка 41. Швајцарија 42. Шведска 43. Шпанија 44. Друго
Д7.2.	Континент на моментално живеење	1. Австралија и Океанија 2. Европа 3. Азија 4. Америки 5. Африка 6. Друго
Д7.3.	Регион на моментално живеење	1. Австралија 2. Азија 3. Америки 4. Африка 5. Западна европа 6. Источна Европа/Русија/Балкан(без Грција)/Словенски јазици 7. Медитерански држави 8. Скандинавија 9. Друго
Д8.	Мајчин јазик	1. Македонски 2. Албански 3. Турски 4. Ромски 5. Српски/Хрватски/Босански 6. Влашки 7. Друг
Д9.	Оценете го сопственото познавање на јазикот (еден од официјалните јазици) на државата во која живеете моментално.	1. Никакво 2. Основно 3. Добро/одлично комуницирам 4. Одлично/на професионално ниво
Д10.	Година на иселување/доселување во новата држава	(година)
Д11.	Мојата одлука за иселување од Македонија беше	1. Однапред планирана 2. Спонтана (дојдов на привремен престој, но останав 3. Сè уште не сум се одлучил/а дали ќе останам 4. Друго
Д12.	Моментално живеам	1. Сам/а 2. Со партнер/ка 3. Со семејство со деца

		4. Со родителите 5. Со цимери 6. Друг вид на заедница
Д13.	Моето потесно семејство (партнер/ка и/или деца) живее во Македонија.	0 = Не 1 = Да 2 = Друго
Д14.	Мојот престој во новата држава моментално е регулиран преку	1. Шенген дозвола за непречен престој од 180 дена со македонски пасош 2. Студентска виза/дозвола за престој 3. Работна виза/дозвола за престој 4. Фамилијарна виза/дозвола за престој 5. Постојана дозвола за престој/зелена карта и сл. 6. Државјанство на државата во која живеам 7. Второ државјанство на друга европска држава 8. Азилант/бегалец 9. Во моментов немам решен статус 10. Друго
ПРАШАЊА ПРЕД ИСЕЛУВАЊЕТО		
П1.	Наведете ТРИ од долунаведените причини кои беа одлучувачки за Вашето иселување од Македонија.	1. Семејство (некој од семејството се иселил пред вас или вашиот/та партнер/ка е странец). 2. Можност за студии на подобри универзитети во странство. 3. Лоши економски услови и животен стандард (невработеност, неплатена работа и сл). 4. Немање услови за кариерен развој (неразвиено образование, наука, иновации). 5. Немање услови за подигнување на децата. 6. Лоша животна средина (загаден воздух, вода и храна). 7. Неповолна политичка клима (партизација, непотизам, корупција, недоверба во изборните процеси, клиентелизам, загаден медиумски простор и сл). 8. Недоверба во правосудството во земјата и неодговорност на одлучувачите/властите. 9. Нетолерантна средина (неприфатеност поради сексуална ориентација, религија, род и слично). 10. Лоши меѓу-етнички односи (вклучително конфликт/насилство). 11. Низок развој на културата и уметноста. 12. Нови можности (поинаков менталитет/патување/истражување, љубопитност за нови светови). 13. Друго.
П2.	Пред да донесете одлука за иселување сте учествувале во активности (на локално и/или централно ниво) како што се: (можни се повеќе одговори)	1. Граѓанска иницијатива (за промена на Устав, предлог закон или референдум, прашања од надлежност на локална самоуправа и сл.) 2. Петиција 3. Бојкот 4. Протест, штрајк 5. Собир, јавни трибини, анкети и предлози 6. Референдум 7. Не сум учествувал/а 8. Друго **О = НЕ** **1 = ДА**
П3.	На кој начин вообичаено учествувавте во решавање на локални проблеми пред	1. Комуницирав со институциите лично (средби со претставници) 2. Писмено, онлајн, преку социјални мрежи

	вашето иселување? (одберете најмногу ДВЕ опции)	3. Со посета на институциите во отворени денови 4. Неформално/преку познаници 5. Преку претставници од политичките партии 6. Не учествував на никој начин поради непознавање на институциите 7. Не учествував на никој начин поради недоверба во институциите 8. Друго **О = НЕ** **1 = ДА**
П4.	Пред Вашето иселување активно сте учествувале во (можни се повеќе одговори)	1. Политички партии или групи 2. Спортски клуб 3. Хуманитарна организација 4. Културно – уметничко-образовно друштво/група 5. Младинско здружение 6. Религиозна организација/црква 7. Здруженија кои се залагаат за демократија, човекови права, мировни движења, женски, детски права итн. 8. Организации кои промовираат заштита на животна средина, јавна површина, животни 9. Синдикат 10. Месен комитет/куќен совет 11. Не членував во никаква организација 12. Друго О = НЕ 1 = ДА
П5.	Пред Вашето иселување	1. Редовно рециклиравте отпад 2. Сте дале и/или примиле мито 3. Сте иницирале некаква акција за промени во вашата непосредна околина (архитектонски, еколошки, социјални) 4. Ви поништиле казна за сообраќаен прекршок 5. Сте пријавиле неправилности во полиција или инспекторати (пр. за неправилности, нелегални постапки и злоупотреба на работно место од страна на претпоставените, семејно насилство, експлоатација на деца и сл.) 6. Сте искористиле „врски“ за да завршите некоја работа во институциите. 7. Сте го прекршиле редот на чекање за добивање услуга во институција. 0= Не 1= Понекогаш да 2= Да 3= Не знам
ПРАШАЊА ПО ИСЕЛУВАЊЕТО		
П6.	Кои ТРИ од долунаведените аспекти на живеењето беа пресудни за да се одлучите да се преселите токму во земјата во којашто живеете моментално?	1. Тука ми беше семејството/пријателите. 2. Социјално-економски можности (работни места, подобри плати, соодветно работно место, подобри колективи и заштита на работниците, социјална помош и сл.) 3. Поширок дијапазон на можности за развој на кариерата (вклучително и студии). 4. Полесни околности за стекнување државјанство. 5. Јазикот. 6. Дијаспора (познати луѓе во таа земја кои ми го олесниј

		процесот на интеграција). 7. Можности за подигнување на семејство (градинки и школи, поволни услови за породилно отсуство). 8. Поволен здравствен и пензиски систем. 9. Поволна клима. 10. Поволна политичка клима (мир, демократија, слободи). 11. Животна средина (ниска загаденост, складирање на отпад, чисти улици и сл.) 12. Култура (храна, социјален и ноќен живот, уметност, архитектура, археологија и сл.) 13. Отвореност/толеранција и прифаќање на различности по однос на род, религија, раса, култура, сексуална ориентација, итн. 14. Чувство на безбедност. 15. Чувство на доверба во општеството (луѓе, институции). 16. Друго. **О = НЕ** **1 = ДА**
П7.	Кои се ТРИТЕ главни позитивни навики кои сте ги стекнале со вашето преселување во новата држава.	1. Зголемена грижа за животната средина. 2. Повисока свест и грижа за животните. 3. Стекнати навики за грижа за сопственото здравје преку спорт и рекреација во природа. 4. Стекнати позитивни навики на однесување во јавни и приватни институции (чекање ред, учтив однос кон вработените, почитување на правилата на однесување и тн.) 5. Подобрени ИТ вештини поради дигитализација на повеќе услуги во јавните и приватните институции. 6. Зголемено нивото на толеранција кон други религиозни и етнички заедници во државата. 7. Зголемено ниво на толеранција кон луѓето со поинаков род и/или сексуална ориентација од мојата. 8. Научувањето нов јазик. 9. Подигната свест за важноста на владеењето на правото и отвореноста на институциите (функционирање на системот, ниско ниво на корупција, непотизам, партизација, клиентелизам и сл.) 10. Друго О = НЕ 1 = ДА
П8.	Колку сте задоволни од следниве аспекти на животот во новата држава? 1. Ваш личен економски раст (плата, заштеди) 2. Ваша професионална реализација 3. Интеграција во општеството 4. Здравствена состојба 5. Социјален живот 6. Емотивен живот (љубов, чувство на припадност наспроти осаменост	1= Воопшто не 2= Донекаде да 3= Да, многу сум задоволен/а 4= Не знам

	и носталгија за дома) 7. Чувство на лична безбедност.	
П9.	Имате чувство дека (Вие и/или член на Вашето семејство) сте добредојдени во државата во која живеете најмногу поради (МОЖНИ ТРИ ОДГОВОРИ)	1. Вашата религија 2. Вие сте високо квалификувана работна сила/и или имате професија која е дефицитарна во државата 3. Вие сте евтина работна сила 4. Вие сте вредни, чесни и одговорни работници 5. Вашиот придонес кон науката, уметноста, спортот 6. Вашата прилагодливост (лесна културолошка интеграција во општеството) 7. Вашиот придонес кон наталитетот во земјата/млада работна сила 8. Вие не се занимавате со нелегални/криминални дејствија 9. Вие не сте конфликтни и насилни 10. Друго 11. Не се чувствувам добредојдено О = НЕ 1 = ДА
П10.	Вашите пријатели и контакти во новата држава се најчесто	1. Доселеници од Македонија и поранешните југословенски републики (плус Албанија). 2. Локално население. 3. Европски државјани. 4. Други.
Р11.	Кои ДВЕ работи ги сметате како најголема жртва на сметка на тоа што сте го добиле со преселувањето?	1. Далеку од фамилијата и пријателите 2. Културата (храна, музика, кафеана, празнувања, уметност, литература и сл.) 3. Јазикот 4. Стекнат имот 5. Неформалноста при справувањето со институциите (имањето човек да ми заврши работа, да ми скине прекршочна пријава и сл.) 6. Граѓанска партиципативност (можноста да гласам, да учествувам во креирање политики, да протестирам и сл.) 7. Реномѐ/стекнатиот углед и влијание во општеството 8. Време потрошено на студирање на факултети што не се признаени во странство 9. Чувството на домаќин (граѓанин од прв ред). 10. Познавање на системот, институциите и правилата на „игра“ на домашниот пазар на труд. 11. Друго О = НЕ 1 = ДА
Р12.	Преселувањето во нова држава со себе носи контакти со локалното население и доселеници од други етницитети и националности. Во кој правец се промени вашето лично национално чувство/идентитет со	1. Сѐ повеќе се идентификувам со мојата етничка група. 2. Сѐ повеќе се идентификувам со граѓаните на Македонија. 3. Сѐ повеќе се идентификувам со Балканците. 4. Сѐ повеќе се идентификувам со граѓаните (локалното население) на државата во која живеам. 5. Сѐ повеќе се идентификувам со граѓаните од Европа/Запад. 6. Сѐ повеќе се идентификувам како космополит.

	преселувањето? (едно)	7. Не се промени ништо во начинот на кој се идентификувам себе си. 8. Не знам
Р13.	Вие би гласале на изборите во Македонија	1. Директно во моето гласачко место во Македонија 2. Во конзуларните претставништва во земјата каде што живеам 3. Преку пошта 4. Електронски 5. Не би гласал/а
Р14.	Планирате да живеете надвор од Македонија	1. На краток рок (помалку од една година) 2. На среден рок (до 5 години) 3. На долг рок (над 5 години) 4. До пензија 5. Засекогаш 6. Не знам
Р15.	Евентуалното интегрирање на Македонија во Европската Унија би ве мотивирало да се вратите во Македонија.	0 = Не 1 = Можеби 2 = Да 3 = Не знам
Р16.	Дали познавате некој кој е во тек на подготовка или планира во догледна иднина да се отсели од Македонија?	0 = НЕ 1 = ДА
П17.	Според ваша слободна проценка, на годишно ниво финансиски/материјално вложувате/испраќате во Македонија	1. До 1200 евра 2. Од 12000 до 5000 евра 3. Од 5001 до 10000 4. Над 10000 евра 5. Не вложувам/испраќам никогаш
П18.1.	Во иднина Вие планирате да купите или да го одржувате веќе постоечкиот имот во Македонија	0 = Не 1 = Можеби 2 = Да 3 = Не знам
П18.2.	Во иднина Вие би сакале (планирате) да инвестирате во Македонија	0 = Не 1 = Можеби 2 = Да 3 = Не знам
П19.	Според вашето искуство, полесно беше да се иселите отколку да останете во Македонија?	0 = Не 1 = Да 2 = Не знам
П20.	Незадолжително) Со свои зборови (две до три реченици) објаснете зошто се одлучивте да ја напуштите земјата во која сте се родиле?	
РОДОВИ ПРАШАЊА		
	Род	0 = Машки 1 = Женски 2 = Друго
П21. МА ЖИ.	Како влијаеше вашето преселување во друга држава врз можностите за кариерен развој на жените во Вашето семејство (сопруга/партнерка/девојка/	1. Многу им ги ограничи можностите 2. Донекаде им ги ограничи можностите 3. Немаше влијание 4. Донекаде им ги подобри можностите 5. Многу им ги подобри можностите за кариерен развој. 6. Не знам

	мајка/сестра/ќерка)?	
П21. ЖЕНИ.	Како влијаеше вашето преселување во друга држава врз Вашите лични можности за кариерен развој?	1. Многу ми ги ограничи можностите 2 Донекаде ми ги ограничи 3 Немаше влијание 4 Донекаде ми ги подобри 5 Многу ми ги подобри можностите за кариерен развој. 6 Не знам
П22. ЖЕНИ	Дали со вашата преселба во странство на своја кожа почувствувавте подобрување на Вашата рамноправност по родова основа?	1. Пред законот 2. Фактичка рамноправност во работното опкружување 3. Економска рамноправност (плата, наследство, имот) 4. Во извршувањето на домашните обврски 5. Во одгледувањето на децата 6. Пред вашата религија/вера 0 = Не 1 = Донекаде да 2 = Да 3 = Не знам или Н/А
П21. ДРУГО.	Како влијаеше вашето преселување во друга држава врз Вашите лични и/или можностите за кариерен развој на жените во Вашето семејство (партнерка/сопруга/девојка/ мајка/сестра/ќерка)?	1. Многу ми/им ги ограничи можностите 2. Донекаде ми/им ги ограничи можностите 3. Немаше влијание 4. Донекаде ми/им ги подобри можностите 5. Многу ми/им ги подобри можностите за кариерен развој. 6. Не знам



НОЕМВРИ 2020